Влада на Република Северна Македонија
**Генерален секретаријат**

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Sekretariati i përgjithshëm**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата за 2021 година

Скопје, јуни 2022 година

# 1. Вовед

Финансиска одржливост на граѓанските организации е еден од приоритетите на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество. Во изминатите три години година се зголеми транспарентноста и објективноста при распределбата на средствата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година, Владата на Република Северна Македонија додели 19.800.000 денари на 33 граѓански организации, а во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година учествуваа и два члена на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, во својство на набљудувачи.

# 2. Распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации

На 12 јануари 2021 година Владата на Република Северна Македонија донесе Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година[1]. За реализација на Програмата се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кој согласно точка 6 од Програмата доставува до Владата извештај за реализација на Програмата со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати.

Во Програмата се предвиде средствата да се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку грантови во износ од 600.000 до 900.000 денари, за програми (проекти) за следниве:

а) приоритети:

- обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните,
- справување со светската пандемија предизвикана од Коронавирусот COVID 19,
- заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени,
- владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност,
- квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот

[1] "Службен весник на РСМ" бр.8/21


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

на трудот,
- модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти, и
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.

б) активности:
- директна помош на граѓаните погодени од последиците на пандемијата предизвикана од Коронавирусот COVID 19 во остварување на правата од економските и социјални мерки на Владата и здравствените права, преку обезбедување на социјални и правни услуги,
- поддршка за надминување на последиците од пандемијата предизвикана од Коронавирусот COVID 19 во различни сектори,
- одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите, особено во услови на пандемија предизвикана од Коронавирусот COVID 19,
- информирање, промовирање и унапредување на пристапот до јавните услуги, примена на иновативни и трансформативни решенија со употреба на дигиталните технологии,
- промовирање на интердисциплинарен пристап, солидарност и заедништво, едно општество за сите, обезбедување правична застапеност, рамномерен регионален развој и поддршка на локален економски развој.

Распределбата на финансиските средства се спроведе врз основа на член 20 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година[2], во согласност со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации[3], Одлукатата за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија[4] и Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година, а врз основа на оглас што Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија го објави на веб-страниците www.vlada.mk и www.nvosorabotka.gov.mk на 15 февруари 2021 година.

По објавениот оглас до Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со невладини организации пристигнаа пријави од 271 здруженија и фондации, од кои 219 (80,8%) пријави ги исполнуваат условите од огласот, а во 52 (19,2%) пријави не се исполнети основните организациски критериуми, не е доставена потребната документација или пријавата е доставена по истекот на рокот. Пријавите што ја поминаа административната проверка, заедно со Предлог-проектите, беа поставени електронски на заштитена локација на www.nvosorabotka.gov.mk со што сите вклучени во процесот на евалуација имаа брз и едноставен пристап.

Најголем интерес граѓанските организации пројавија за грантови во втората приоритетна област - Справување со светската пандемија предизвикана од

[2] "Службен весник на РСМ" бр. 307/20
[3] "Службен весник на РМ" бр. 130/07
[4] "Службен весник на РСМ" бр. 277/19

Коронавирусот COVID 19 (109 или 40,22% од од поднесените предлог проекти), додека пак најмал број предлог-проекти (8 или 2,95%) беа поднесени во седмата приоритетна област-Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија. Во првата и во третата приоритетна област (Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните и Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени) беа поднесени по 45 или 16,6% предлог-проекти, во петтата приоритетна област-Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот 34 или 12,55% предлог-проекти, додека пак во четвртата и во шестата приоритетна област (Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност и Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти) беа поднесени по 15 или 5,54% предлог-проекти.

***Графикон 1: Број на пријавени предлог-проекти по приоритетни области***



Во однос на регионалната застапеност, најголем број предлог-проекти беа поднесени од граѓански организации регистрирани со седиште во Скопскиот плански регион (150 или 55,35%), а најмал број со седиште во Југоисточниот плански регион (4 или 1,48%).

***Графикон 2: Број на пријавени предлог-проекти по плански региони***




Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23.3.2021 година донесе решение за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година. Со цел зголемување на транспарентноста и подобрување на квалитетот на процесот на распределба, во составот на Комисијата се именувани и два члена на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како набљудувачи.

Комисијата формираше Оперативна група од административни службеници од Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за политички сиситем и односи меѓу заедниците, Министерството за образование и наука, Министерството за правда и Генералниот секретаријат на Владата, која до 10.5.2021 година изврши процека на квалитетот на 219 проекти и подготви Предлог-ранг листа.

Врз основа на Предлог-ранг листата на Оперативната група и расправата на седницата одржана на 28.5.2021 година, Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година утврди Ранг листа и Предлог-одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации. и ја достави за разгледување до Владата. Ранг листата на Комисијата е објавена на www.nvosorabotka.gov.mk.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19.7.2021 година донесе Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година наменети за финансирање на програмските активности на

здруженија и фондации[5], со која додели 33 гранта на здруженија и фондации, во вкупна вредност од 19.800.00 денари. Согласно Одлуката, на 23.7.2021 година беа потпишани  договори за обезбедување финансиска поддршка со здруженијата и фондациите.

Согласно точка 5 од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година, здруженијата и фондациите – корисници на средства од Буџетот, беа задолжени во рок од 30 дена по завршувањето на програмските активности, а најдоцна до 31 јануари 2022 година да достават Извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

## 3. Финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати

Од доделени 33 грантови и вкупно 19.800.000 денари, 1.212.064 денари (6,12%) не се искористени поради враќање на средствата од страна на две здруженија (1.200.000 денари) и измени при реализирање на активности кај дел од проектите. 73.724 денари (0,37%) се оценети како неоправдани трошоци, а 217.141 денари (1,1%) се потрошени за активности реализирани во јануари 2022 година, со отстапување од договорениот рок за спроведување на проектите, за што е доставено образложение од корисниците.

Според податоците од завршните извештаи 41,33% од средствата се потрошени за специфични трошоци поврзани со програмата (договори за услуги, публикации, конференции и работилници, комуникациски продукти и сл.), а 40,24% од средствата се потрошени за плати, надоместоци и хонорари за вработените или ангажираните лица на проектите. Податоците покажуваат дека 6,41% од доделените средства се потрошени за други директни трошоци (трошоци за комуникација, интернет, банкарски провизии), 4,65% се потрошени за патни трошоци (транспорт, хотелско сместување, дневници поврзани со активностите), 3,15% се потрошени за индиректни трошоци (користење канцеларија и др.), 2,66% се потрошени за опрема (ИТ и др.), а 1,57% од доделените средства се потрошени за канцелариски материјали.

[5] "Службен весник на РСМ" бр.166/21

*Графикон 3: Преглед на расходи по категории*




Доколку се спореди начинот на користење на распределените средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година со начинот на користење на распределените средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со Covid-19 кризата, во 2021 година средствата потрошени за специфични (директни) трошоци поврзани со програмата се намалени за 11,78% во однос на 2020 година, а средствата потрошени за човечки ресурси се зголемени за 4,46%.

Што се однесува до постигнатите резултати, преку проектите на граѓанските организации финансиски поддржани од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година, се овозможи директна помош на граѓаните погодени од последиците на пандемијата предизвикана од коронавирусот Ковид-19, преку набавка и дистрибуција на вкупно 1.550 пакети хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и маргинализираните групи, поддршка за вакцинација од Ковид-19 на 50 семејства, директна помош и поддршка на 40 семејства со деца и млади со ретки болести и училишен прибор и опрема за повеќе од 350 деца во социјален ризик, бесплатна правна помош и советување на 140 лица во социјален ризик, психолошка помош на 179 лица, вклучително и совети за безбедност и приспособување за време на пандемијата и спречување на стигматизација на заразените со Ковид-19 и лица во изолација, како и социјална поддршка на 232 луѓе кои употребуваат дроги и 142 сексуални работници, во вид на 683 совети за заштита од Ковид-19, 540 упатувања до вакциналните пунктови и 361 услуга на бесплатна правна помош. Зголемена е информираноста на граѓаните за коронавирусот Ковид-19 и начинот на заштита преку организирање на 225 едукативни работилници, 20 трибини и 75 теренски посети, печатење и дистрибуција на 4000 флаери и 30 постери „Почитувај ги протоколите-живеј живот без Ковид-19“, памфлети „Вакцинирај се заради себеси и вашите најблиски“, три кратки промотивни видеа „Социјална заштита во период на

пандемија“, „Здравствена заштита во период на пандемија“ и „Вакцината спасува живот“ со информации за подобрување на социоекономската и здравствената состојба кај маргинализираните заедници, како и неколку истражувања: „Анализа на податоци од истражувањето за состојбата на пациентите на дијализа за време на Ковид 19 пандемијата“, „Извештај за состојбата со трансплантацијата на бубрези во РСМ за време на Ковид пандемијата (1.01.2020 - 31.12.2021)“ и „Резултати од истражувањето за влијанието на пандемијата врз квалитетот на животот на младите“.

Поголем дел од проектите од оваа програма беа насочени кон обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните, преку активности за кариерно советување и развој на вештини на младите. Преку оваа програма организирани се обуки за 257 млади невработени лица за: вредности и вештини на претприемачите, вештини за барање работа и комуникациски вештини во претприемништвото, тимска работа и лидерство, креирање бизнис план, развој на креативни и иновативни вештини, дигитален маркетинг, продажни вештини и техники за ефективна е-комуникација, дигитални иновации и е-бизнис, како и обуки за зајакнување на капацитетите за кариерно насочување и советување за работа за младински организации, семејни социјални работници од центрите за социјална работа и стручни служби од основни училишта. Подготвени се неколку прирачници: „Еко бизнис инкубатор – Прирачник за зголемување на компетенциите за еко (само) вработување на младите“, „Прирачник – Едукативна програма Млад претприемач 1.0 (Развој на претприемачки и бизнис вештини кај младите)“, „Обуки за подготовка за барање на работа“, „Прирачник со алатки и најдобри практики за кариерно советување и насочување на млади“, документ за јавна политика „Унапредува на младинските политики за кариерен развој и младинско вработување“, а креирана е и дигитална платформа за учење „Млад претприемач 1.0“ https://training.e-atlantis.mk/. Врз основа на истражувањето „Идентификување на препреките и предизвиците за развој на кариера во СТЕМ кај младите девојки“ организирани се 8 мотивациски предавања пред повеќе од 800 ученици во средни училишта.

Исто така, преку проектите од оваа програма подготвени се: „Извештај за мапирањето на потребите на жените од руралните средини“ и платформа, https://www.nasatezga.mk/, извештај „Мапирање на малите земјоделски производители од регионот и анализа на нивното производство, сегашна состојба, трендови и очекувања и можности за организираање на групна испорака на земјоделски производи“, студија „Анализа на земјоделско производство и можности за воведување на нови модели и системи за продажба на земјоделски производи на локално ниво“ и „Локален акциски план за обезбеденост со храна при вонредни услови во општина Гевгелија“ и организирани се обуки за зајакнување на финансиската стабилност и помош при вработување (обучени се 226 жени и земјоделци од рурални средини за основи дигитални и компјутерски вештини, обучени се 45 земјоделски производители за локални системи на храна и кратки синџири за снабдување со храна, организиран е курс за шиење за 41 жени и самохрани мајки во социјален ризик и спроведена е програма за обука за палијативни негуватели во соработка со Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина 13 Ноември Скопје).

Во приоритетната област заштита на животната средина подготвена е брошура „Реформирано управување со отпадот во Република Северна Македонија”, едукативно

видео за новата законска регулатива и зголемената одговорност на засегнатите страни за управување со отпад и информативен флаер „Тиквешкиот регион по европски модел за заштита на природната и ресурсите“.

Преку проекти од оваа програма подготвени се и Тренинг водич за Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, брошура за Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп, организирана е работилница со членовите на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост и за подготовка на Предлог-акциски пан за имплементација на мерките од Конвенцијата во 2022 година, организирана е трибина „Конвенцијата за правата на лицата со попреченост“ и округли маси „Социјалните сервисни услуги на локално ниво“ и „Персонална асистенција и Помош и нега во домот“. Исто така, најмалку 1000 граѓани се информирани за начелото на јавно судење и можноста да побараат мониторинг на судски постапки преку поставени постери во сите основни судови во Република Северна Македонија, 3 инфографици објавени на социјалните мрежи и 1 билборд поставен пред основните судови во Скопје.

## 4. Детален преглед на начинот на трошење на распределените средства

Во продолжение се дава приказ на трошењето на средставата наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно податоците содржани во доставените завршни извештаи на здруженијата и фондациите:

| | |
|---|---|
| 1. Име на здружението: Здружение на граѓани Центар за едукација и развој с. Теарце Теарце | |
| ПРОЕКТ: Еко бизнис инкубатор | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Намалување на младинската невработеност и емиграцијата, како и зголемување на економскиот потенцијал, правилно искористување на ресурсите и заштита на природата во идниот национален парк Шар Планина. |
| Активности | - Креирање на инспиративен филм за будење на лидерскиот потенцијал и правилно користење на природните ресурси<br>- Инспиративни претприемачки сесии преку презентација на креираниот филм на темата, претходно креирано видео за потенцијалот на Шар Планина, говори и дискусии на успешни (млади и еко) претприемачи<br>- Три дводневни обуки кои ќе вклучат по 30 млади (15 до 35 години), предност ќе имаат младите во НЕЕТ категорија и помали можности од населените места во Полошкиот регион<br>- Сесии за менторство<br>- 3 Вебинари за вработување и претприемништво<br>- Финална сесија |

| | |
|---|---|
| | - Евалуација на резултатите<br>- Креирање на видео од активностите<br>- Креирање на прирачник за (само) вработување и претприемништво во еко контекст<br>- Финални сесии за менторство<br>- Медиумска кампања за промоција на постигнатите резултати од проектот<br>- Евалуација на проектот |
| Резултати | - Креиран краток инспиративен филм за будење на лидерскиот потенција и правилно користење на природните ресурси<br>- Организирани 3 дводневни обуки со 60 учесници, млади од Полошкиот регион, со 4 модули: Вредности и вештини на претприемачите, вештини за барање работа и комуникациски вештини во претприемништвото и тимска работа и лидерство<br>- Подготвен е прирачник „Еко бизнис инкубатор – Прирачник за зголемување на компетенциите за еко (само) вработување на младите "<br>- Реализирани се 10 менторски сесии со млади и студенти во канцелариите на ЦЕД, за кариерно советување, лидерство, пишување CV, мотивациско писмо и сл. Како резултат на овие сесии, 10 млади успеаја да учествуваат во Еразмус проекти, а 2 се ангажирани како проектни координатори во регионот |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ....................................... 380.208<br>- Патни трошоци .............................. 33.700<br>- Опрема ................................................ 0<br>- Канцелариски материјали ....... 0<br>- Други директни трошоци ......... 25.205<br>- Индиректни трошоци .................. 0<br>- Специфични трошоци................ 162.292<br>- Вкупно ...................................... 601.405, од кои 1.406 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација за направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на | Постигнати се целите на проектот, како резултат на добиените вештини од проектот младите се подготвени и мотивирани да работат или да отворат сопствени бизниси. Одржливоста на проектот е во планираните активности преку Инфо Клубот за млади (проект поддржан од УНДП) и платформата Пријатели на |

| | |
|---|---|
| проектот | Шара. |

| | |
|---|---|
| 2. Име на здружението: Здружение на граѓани за промовирање и заштита на културните и духовните вредности ЛЕГИС Скопје | |
| ПРОЕКТ: Социјална, правна и хуманитарна помош за локално население | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Да се обезбеди хуманитарна помош на 423 приматели на хуманитарни пакети со храна и овошје, хигиенски производи и средства за дезинфекција како превенција во услови на Ковид 19 пандемија, пристап до правна помош и советување за пристап до социјални, здравствени и други државни услуги за локалното население во социјален ризик, како и унапредување на работни вештини на жените во социјален ризик со цел да се зголемат можностите за вработување. |
| Активности | - Хуманитарна помош<br>- Правна помош и советување<br>- Програма за унапредување на работни вештини |
| Резултати | -Поделени 300 пакети со прехранбени и хигиенски продукти, 1885 кг овошје и зеленчук, со цел подобрување на имулолошката состојба за заштита од коронавирусот на населението во висок социјален ризик во општините Гази Баба, Чаир и Бутел<br>-Обезбедена бесплатна правна помош и советување на 84 граѓани од семејства во социјален ризик, со што 20 корисници влегоа во системот на социјална заштита, на 10 им се помогна да добијат образовен додаток, а на повозрасните им се помогна да аплицираат за социјална пензија.<br>-Преку работилници за занаетчиски вештини за жени и самохрани мајки во социјален ризик (курс за шиење со вкупно 41 учеснички, во 6 групи) безбедени се вештини за зајакнување на финансиската стабилност и помош при вработување. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ........................................ 158.400<br>- Патни трошоци ................................. 0<br>- Опрема .................................................. 0<br>- Канцелариски материјали ......... 15.000<br>- Други директни трошоци ........... 0<br>- Индиректни трошоци .................... 0<br>- Специфични трошоци................ 456.790<br>- Вкупно ........................................... 630.190 (од кои 30.190,00 денари сопствено учество на корисникот) |
| Дали се доставени | Доставена е соодветна финансиска документација за |

| | |
|---|---|
| докази за трошење на средствата | направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, обезбедена е хуманитарна и бесплатна правна помош на семејства во висок социјален ризик во општините Гази Баба, Чаир и Бутел за поуспешно да се справат со предизвиците и последиците од ковид пандемијата. Преку работилници за занаетчиски вештини (курс за шиење) за жени и самохрани мајки во социјален ризик обезбедени се вештини за зајакнување на финансиската стабилност и помош при вработување и започнување на сопствен бизнис. |

| | |
|---|---|
| 3. Име на здружението: Здружение за развој на образованието, спортот и културата АТЛАНТИС ЕСЦ Тетово | |
| ПРОЕКТ: Млад претприемач 1.0/Young Entrepeneur 1.0- Развој на претприемачки и бизнис вештини кај младите | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Проектот се однесува кон минимизирање на негативните економски последици од корона кризата преку мотивација на младите од Тетово и регионот да останат во локалните средини и да ја развиваат својата кариера дома, гледајќи ја кризата како дополнителна шанса за стартување сопствени бизниси, за поголема вработливост и личен просперитет преку учество на онлајн едукативна и менторска програма, и онлајн едукативна и менторска програма за личен стратегиски менаџмент. |
| Активности | - Објава на повик за учество во онлајн едукативната програма<br>- Избор на 25 кандидати во соработка со Агенцијата за вработување (подрачни единици)<br>- Креирање на онлајн платформа<br>- Креирање на тренинг програма Млад претприемач 1.0<br>- Креирање на прирачник за учесниците на Програмата<br>- Креирање на менторска програма за генерирање, селекција, избор и разработка на најатрактивна бизнис - идеја со особен фокус на Lean Canvas моделот<br>- Избор на консултанти/предавачи/ментори за секој од модулите<br>- Реализација на тренинзи со модуларен пристап<br>- Индивидуални или групни онлајн менторски сесии за селекција и избор на најтрактивни бизнис – идеи<br>- Реализација на онлајн видео мотивациски интервјуа со успешни млади (претходно селектирани) поединци, насловени како – „Имаш идеја?”<br>- Обезбедување правна помош за формирање на идни старт ап бизниси<br>- Организирање настан за вмрежување „Имаш идеја?“ |
| Резултати | - Развиена е програма за обука со 6 модули: Креирање |

| | |
|---|---|
| | бизнис план, Развој на креативни и иновативни вештини, Упавување со човечки вештини во пост-ковид периодот, Дигитален маркетинг, продажни вештини и техники за ефективна Е-комуникација, Дигитални иновации и Е-бизнис и Разработка на најатрактивните бизнис идеи со Lean Canvas и организиран е циклус од 3 еднодневни работилници за 26 млади невработени лица од Полошкиот регион<br>- Креирана е дигитална платформа за учење „Млад претприемач 1.0“ [https://training.e-atlantis.mk/](https://training.e-atlantis.mk/) и подготвен е Прирачник – Едукативна програма Млад претприемач 1.0 (Развој на претприемачки и бизнис вештини кај младите)<br>- Спроведено е менторирање на учесниците на обуката за генерирање на бизнис идеи, селектирани се најуспешните и реализирани се мотивациски интервјуа<br>- Организиран е завршен настан „Имаш идеја?“, на кој се доделени сертификати на учесниците и се претставени нивните бизнис идеи<br>- Обуката и менторската програма се спроведени од Друштво за деловна, техничка поддршка и едукација ИКС Фактор Акцелератор доо Велес |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ........................................ 248.000<br>- Патни трошоци .............................. 12.000<br>- Опрема ................................................ 6.000<br>- Канцелариски материјали .......... 0<br>- Други директни трошоци ........... 11.200<br>- Индиректни трошоци .................. 8.000<br>- Специфични трошоци................. 314.800<br>- Вкупно ............................................. 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација за направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и | Постигнати се целите на проектот, преку програмата за обука и дигиталната платформа Млади претприемачи 1.0 https://training.e-atlantis.mk/ преку иновативен пристап младите од Полошкиот регион се стекнаа со основи вештини за водење |

| | |
|---|---|
| одржливост на проектот | бизнис и се мотивираа својата кариера да ја развиваат во локалните средини. |

| | |
|---|---|
| 4. Име на здружението: Здружение на граѓани ФИНАНЦЕ ТХИНК- Институт за економски истражувња и политики, Скопје | |
| ПРОЕКТ: Јакнење на конкурентноста низ процесот на пристапување во ЕУ: Што не' научи кризата од Ковид-19 во однос на структурните реформи? | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Да се зајакнат реформите на конкурентноста и дијалогот за политиките како клучни за забрзување на пристапот во ЕУ. Во рамки на оваа цел, предлогот цели и кон ставање на овие сознанија во контест на тоа како пандемијата од Ковид 19 може да влијае врз забрзување на структурните реформи во три клучни сектори: образование/вештини, приватен сектор и јавни инвестиции. |
| Активности | - Спроведување на документациско истражување и собирање и анализа на релевантни информации и податоци за клучните реформи и политики за конкурентност, вклучително: и идентификување на клучните актери и одредување споредба со просекот на ЕУ<br>- Спроведување на документациско истражување за тековната регулаторна рамка и институционалните механизми кои се однесуваат на конкурентноста, како и тековните напори за нејзино мапирање и потенцијалните празнини и врски<br>- Изработка на Бриф за политиките со патоказ за преговори со идентификувани точки во регулативата и институционални инструменти што треба да се подобрат<br>- Градење консензус-средба со клучните носителите на политика, тематски избрани граѓански организации, економски новинари и комори за стручна дискусија за политиките на конкурентност во време на пандемија<br>- Произведени 5 визуелни производи како графикони, инфо-графикони, видеа, GIF-ови on, на индикативни теми како што се: двигатели на конкурентност; „Пред и по Ковид-19" поглед на тоа каде сме и каде сакаме да бидеме итн.<br>- Најмалку 3 изјави / експертски мислења во медиумите и најмалку 5 наводи на резултати од проекти во медиуми |
| Резултати | Проектот не е реализиран |
| Отстапување од планираните активности | Проектот не е реализиран. Здружението со известување бр.03-395/01 од 21.10.2021 година, информира дека ценејќи го мислењето на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.09-3071/3 од 10.9.2021 година, со кое се укажува на забраната за користење на заеми и други видови |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | |
|---|---|
| | поддршка од државата утврдени во член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, средствата се вратени на сметка на Владата на Република Северна Македонија-Генерален секретаријат. |
| Времетраење на проектот | Проектот не е реализиран |
| Буџет | Доделените средства во висина од 600.000 денари се вратени во Буџетот на Република Северна Македонија на 8.10.2021 година |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставен е реализиран налог број 43000841 за враќање на доделените средства |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Проектот не е реализиран |

| | |
|---|---|
| 5. Име на здружението: Здружение Рурална Коалиција Куманово | |
| ПРОЕКТ: Рурален женски е-пазар | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Зголемување на економската моќ и независност на женатите од руралните средини преку создавање на стабилни и конкурентни вредносни синџири во локалната заедница. |
| Активности | - Објавување на оглас за пријавување на сите заинтересирани производителки да станат дел од платформата<br>- Мапирање на традиционални производи и потенцијални производителки заинтересирани за своја тезга на е-платформата<br>- Изработка на извештај и мапа на земјоделски производи и традиционални преработки<br>- Спроведување на кампања за промоција на платформата (теренска кампања од врата до врата, изработка на видео, изработка на промотивен материјал, спроведување на кампања на социјалните медиуми, изработка на каталог)<br>- Организирање на виртуелна изложба на фотографии од проектните активности<br>- Организирање на завршен настан за промоција на резултатите од проектот |
| Резултати | - Мапирани 120 жени и нивните производи во 8-те плански региони |

| | |
|---|---|
| | - Изработен „2021 Извештај за мапирањето на потребите на жените од руралните средини" и групирани карактеристични традиционални производи по региони<br>- Изготвена платформа, https://www.nasatezga.mk/<br>- Обучени 226 жени и земјоделци од рурални средини, за основни дигитални и компјутерски вештини за електронска комуникација со институциите<br>- Изработени и дистрибуирани 100 постери, 100 каталози „Запознај ги нашите жени" со земјоделски производи и приказни на жените од руралните средини, 300 флаери, над 10 гостувања на национални и локални ТВ станици, 5 промотивни видеа за Наша тезга, 150 промотивни пакети со земјоделски производи, промотивен настан со 53 учесници. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ..........................................138.250<br>- Патни трошоци ............................... 27.500<br>- Опрема .................................................. 0<br>- Канцелариски материјали ......... 0<br>- Други директни трошоци ........... 0<br>- Индиректни трошоци ................. 32.500<br>- Специфични трошоци............... 401.750<br>- Вкупно ............................................... 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација за направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Генерален заклучок е дека проектот ја постигна својата општа цел, при што директно се придонесе кон економско зајакнување и независност на жените од руралните средини кои што во овој момент ги има над 120 на платформата, а со вака постигнатите цели и резултати се влијае и на унапредувањето на социо-економската положба на жените во руралните средини. Направена е прва платформа од ваков вид во нашата земја која е различна од останатите, бидејќи дава можност да се научи за традицијата на производство во земјоделството, како и да се прочитаат животни приказни на жените на нивниот пат до активни лидерки и чинители во локалната зедница од каде што доаѓаат. Платформата https://www.nasatezga.mk/ предвидено е да се развива, освен продажниот дел да има дел кој што ќе обезбедува информации, едукација, но и регистрација на жените |

| | |
|---|---|
| | од руралните средини со платени придонеси што ќе им овозможи директна видливост и препознатливост во системот на државата, до целосен развој на платформата преку воведување електронско плаќање, дистрибутивна мрежа, едукативен и информативен дел итн. Поврзување на бизнис секторот, донаторската заедница, индивидуалните граѓани, градење на меѓусекторски и меѓуинституционални соработки и партнерства со вклучување и на локалните, па и национални власти ќе биде исто така дел од Агендата на Рурална Коалиција, што треба да придонесе кон одржливоста на платформата на долг рок. |

| | |
|---|---|
| 6. Име на здружението: Сизигија Скопје- Фондација за креирање на екосистеми, технологии, иновации и трансфер на знаење за личен и бизнис развој Скопје | |
| ПРОЕКТ: Социјални бизниси за социјални промени | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Да се придонесе во развојот на социјалното пртприемништво – социјални бизниси за социјални промени, преку промивирање на успешни студии на случај, развој и подобрување на вештините и капацитетите на потенцијалните претприемачи и промовирање на најдобрите идеи за социјален бизнис како можност за поттикнување на кохезија и соработка во овој сектор. |
| Активности | - Унапредување на веб страна<br>- Онлајн интерактивни предавања (модули)<br>- Промотивна кампања (социјални медиуми, ПР, партнерства) промовирање на обуките и идентификување на учесници од целата држава<br>- Обучувачи и гости за одржување на сесиите, евалуација на вежбите, извештај од обуките (9 сесии за 5 групи со по 15-20 учесници)<br>- Менторирање и изработување на бизнис планови<br>- Промотивен настан за презентирање на бизнис идеите, сертификати, награди на учесниците како завршен настан со промовирање на резултатите од проектот |
| Резултати | - креирани online интерактивни предавања и спроведена обука за обучувачи за социјално претприемништво за 14 учесници од граѓанскиот сектор<br>- спроведена повеќедневна online обука за социјално претприемништво и бизнис план за потенцијални млади претприемачи, 27 ученици од 4.година средно образование, гимназија во Македонски брод (6-13.12.2021)<br>- спроведена online обука и презентирање на бизнис идеи за социјално претприемништво за 10 заинтересирани клиенти (21.12.2021), поединци и организации се мапирани и |

| | |
|---|---|
| | менторирани и изработени се бизнис планови и 2 апликации за Фондот за иновации и технолошки развој на тема социјално претприемништво<br>- одржана работилница за социјално претприемништво со 20 ученици од мултинационална паралелка од 4.одделение од основното училиште Ѓорѓи Сугарев, Битола |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ........................................... 0<br>- Патни трошоци ................................ 0<br>- Опрема .................................................. 0<br>- Канцелариски материјали ......... 0<br>- Други директни трошоци ........... 0<br>- Индиректни трошоци .................. 0<br>- Специфични трошоци................. 600.000<br>- Вкупно ................................................ 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација за направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, реализирани се поставените индикатори, направени се курикули за социјално претприемништво, мрежа на обучувачи, потенцијални социјални претприемачи и поттикнати се младите да се развиваат како социјални препримемачи. |

| | |
|---|---|
| 7. Име на здружението: Фондација за развој на образование и култура Албиз Сарај | |
| ПРОЕКТ: Платформа за инвестиции во заедницата | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Зголемена вклученост на граѓанскиот сектор во инвестиции за локален развој на општините. |
| Активности | - Организација на настани за сензибилизација на ГО-бисниз иницијативи на национално ниво<br>- Дизајн и лансирање на дигитална платформа за инвестиции во заедницата (веб и мобилен телефон)<br>- Воспоставување на систем за управување со податоци во рамките на Платформата на ГО-деловниот сектор<br>- Истражување и мапирање на соработката во заедницата во земјата<br>- Идентификување и презентација на локалните меѓусекторски |

| | |
|---|---|
| | иницијативи за подобар живот во заедницата<br>- Развој на платформа и Хаб за инвестиции во заедницата<br>- Организација за менторство за ГО кои работат со деловни и јавни субјекти<br>- Обука на ГО за вештини за дигитални медиуми<br>- Потпишување на Меморандуми за разбирање со јавни субјекти за проширување на секторот на Платформата<br>- Организација на форуми во заедницата со граѓански организации, бизнис и јавен сектор<br>- Организација на национална медиумска кампања за собирање средства и иницијативи на заедницата |
| Резултати | Проектот "Платформа за инвестиции во заедницата" претставува кофинансирање на истоимениот проект финансиран од Европската унија, во времетраење април 2021- април 2023, што се спроведува од Фондацијата за развој на образованието и културата Албиз од Скопје, во партнерство со Здружението Мултикултура Тетово, Здружението Центар за одржлив развој ЦСЦД Дебар и Здружението Центар за истражување и анализа Новус Струмица. Главна цел на проектот е унапредување на капацитетот на локалните граѓански организации за градење на меѓу-секторски иницијативи, кои имаат за цел социо-економски развој на заедниците. Во рамките на проектот креирана е дигитална платформа www.cip.mk, која ќе се користи како алатка за промовирање на иницијативи и прибирање на средства со помош на учество на бизниси во заеднички активности со граѓанските организации. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ..........................................0<br>- Патни трошоци ...............................0<br>- Опрема ................................................0<br>- Канцелариски материјали ..........0<br>- Други директни трошоци ............0<br>- Индиректни трошоци ................... 0<br>- Специфични трошоци............... 600.000<br>- Вкупно ......................................... 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Според известување од корисникот, средствата од Владата, 600.000 денари, претставуваат кофинансирање на истоимениот проект финансиран од Европската унија и се искористени за покривање на дел од трошоците за изработка на дигитална и мобилна платформа cip.mk и систем за управување со податоци, а како доказ е доставен Service contract for European Union external |

| | |
|---|---|
| | actions 01/2021, два изводи од банка и фактури за ГДи ДООЕЛ Скопје |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Креирана е дигитална платформа www.cip.mk, која ќе се користи како алатка за промовирање на иницијативи и прибирање на средства со помош на учество на бизниси во заеднички активности со граѓанските организации. |

| | |
|---|---|
| 8. Име на здружението: Здружение за локален и рурален развој Тетово | |
| ПРОЕКТ: Економско зајакнување на жените и младите од руралните средини клуч кон одржлив рурален развој | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Зајакнување на локалната економија преку вреднување на локалните ресурси и зачувување на биодиверзитетот. |
| Активности | - Управување со проектот<br>- Обука за одржливо собирање и пакување на шумски плодови и печурки<br>- Обука за креирање на бренд<br>- Креирање на веб платформа<br>- Едукација за користење на веб платформа |
| Резултати | Проектот не е реализиран |
| Отстапување од планираните активности | Проектот не е реализиран. На 3.2.2022 година доставено е известување дека поради отсусво (боледување од Ковид-19) во клучните моменти на спроведување на проектните активности, не се постигнати посакуваните ефекти од проектот, поради што раководството на Здружението за локален и рурален развој Тетово одлучи да ги вратат средствата во износ од 600.000 денари како неискористени. |
| Времетраење на проектот | Проектот не е реализиран |
| Буџет | Доделените средства во висина од 600.000 денари се вратени во Буџетот на Република Северна Македонија на 9.2.2022 година |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставен е реализиран налог број 430984639 за враќање на доделените средства |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Проектот не е реализиран |

| | |
|---|---|
| 9. Име на здружението: Фондација за локален развој и развој на информатички технологии Гевгелија | |
| ПРОЕКТ: Формирање на краток синџир за снабдување со храна од локални производители | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Воспоставување и тестирање на нов систем на директна продажба на земјоделски производи од познат производител до заинтересирани потрошувачи или група на потрошувачи чии побарувања се во поглед на квалитетот на храната, мачин на испорака и стекнување доверба на релација производител – потрошувач. |
| Активности | - Управување со проектот<br>- Обезбедување промоција и видливост на проектните активности<br>- Мапирање на малите земјоделски производители од регионот и анализа на нивното производство, сегашна состојба, трендови и очекувања<br>- Претставување на концептот „кратки синџири за снабдување со храна“ (пред болници, градинки училишта)<br>- Избор на земјоделски производители кои ќе учествуваат во синџирот за производство и дистрибуција на храна<br>- Обука на земјоделските производители<br>- Формирање на неформална мрежа на локални производители на храна за снабдување на локални институции со локално произведена храна<br>- Изработка на локален план со мерки поврзани со обезбеденост на храна при вонредни услови. |
| Резултати | - Спроведено анкетирање на 30 локални производители и подготвен извештај „Мапирање на малите земјоделски производители од регионот и анализа на нивното производство, сегашна состојба, трендови и очекувања и можности за организираање на групна испорака на земјоделски производи“<br>- Одржани работилници во Гевгелија (3.12.2021), Валандово (6.12.2021), Богданци (7.12.2021), за претставување на концептот “кратки синџири за снабдување со храна“ пред пошироката јавност (претставници на локални институции, училишта, градинки, болници)<br>- Организирани буки за 45 локални земјоделски производители: Гевгелија 22.12.2021, Валандово 23.12.2021, Богданци 24.12.2021, на теми: Локалните системи на храна, предности и можности и Кратки синџири за снабдување со храна |

| | |
|---|---|
| | - Промотивни активности преку социјалните медиуми, локални медиуми и дневен билтен на општина Гевгелија<br>- Изработени: студија „Анализа на земјоделско производство и можности за воведување на нови модели и системи за продажба на земјоделски производи на локално ниво“ и „Локален акциски план за обезбеденост со храна при вонредни услови во општина Гевгелија“ |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ...................................... 250.000<br>- Патни трошоци .......................... 10.000<br>- Опрема ................................................ 0<br>- Канцелариски материјали .... 8.000<br>- Други директни трошоци .......... 0<br>- Индиректни трошоци ................. 0<br>- Специфични трошоци............... 332.000<br>- Вкупно ............................................ 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација за направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, овозможени се услови за зголемување на приходите на малите производувачи на храна (фармери) и привлекување нови преку формирање на краток синџир за дистрибуција на храна во Гевгелиско-Валандовскиот регион. Со оглед на тоа што проектот е завршен во период кога нема голема производна активност, како и поради сезонскиот карактер на земјоделското производство, следните активности се поврзани со поддршка на новоформираната неформална мрежа на локални производители од Гевгелиско-Валандовскиот регион преку формираната Facebook страница, како и со промоција на нивните производи. Промоцијата ќе се врши постојано преку локалните медиуми, но и со организирање на настани на кои би присуствувале дел од учесниците на мрежата. Одржливоста на проектот се обезбедува преку континуирана поддршка која Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија ќе ја дава, но и со други проекти (проект ИДЕАС што е одобрен за финансирање) кои се од слична природа. |

| 10. Име на здружението: Здружение на лица со церебрална парализа Велес | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Центар за социјална инклузија на лица со попреченост | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Формирање на Центар за едукација, инклузија и социјализација на територија на Општина Велес кој ќе нуди разновидни вониституционални сервисни услуги за лицата со попреченост, нивните потесни семејства, волонтерите и останатите граѓани. |
| Активности | - Центар за социјална инклузија на лица со попреченост во Општина Велес/Тим за работа: координатор, администратор, психолог, дефектолог, социјален работник, терапевт, инструктори за танц, глума и ИТ технологија, инструктор за животни вештини<br>- Состаноци, трибини, округли маси, проекција на филмови<br>- Работилници за танц и глума<br>- Работилници за спорт, рекреација и рехабилитација<br>- Две еднодневни екскурзии за рекреација<br>- Интерактивни едукативни игри (домино, шах, слагалици, нелути се човече и сл.)<br>- Прилагодена и модифицирана компјутерска опрема според видот на попреченост и според потребите на лицето<br>- Работилници за надоградување на животни вештини за самостоен живот<br>- Креативни работилници за шиење, ликовни работилници и грнчарска работилница |
| Резултати | - Одржана трибина на тема „Конвенцијата за правата на лицата со попреченост<br>- Одржани две округли маси на теми: „Социјалните сервисни услуги на локално ниво“ и „Персонална асистенција и Помош и нега во домот“<br>- Организирани две еднодневни екскурзии за 35 лица во Крива Паланка и Босилово, Струмица<br>- Организиран 6 дневен летен камп во Извидничкиот центар Охрид, за 50 учесници (40 лица од Северна Македонија и 10 лица од Србија)<br>- Организирани работилници за глума и танц и подготвено сценарио за инклузивна претстава „Сите сме еднакви, сите сме исти“. Претставата е снимена и поставена на Јутјуб каналот https://www.youtube.com/watch?v=Pqcvhgk0ZNg и споделена преку социјалните мрежи<br>- Реализирани се преку 20 посети во домови на лица со попреченост од страна на социјален работник, со кои е утврдена потреба да се формира сервис на локално ниво за Живеење со поддршка и Помош и нега во домот. |
| Отстапување од планираните | Нема отстапување од планираните активности |

| | |
|---|---|
| активности | |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ........................................ 122.100<br>- Патни трошоци .............................. 75.000<br>- Опрема ................................................ 0<br>- Канцелариски материјали ...... 15.000<br>- Други директни трошоци ........ 14.000<br>- Индиректни трошоци ................ 0<br>- Специфични трошоци................ 373.900<br>- Вкупно ............................................. 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација за направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, 30 лица со попреченост од различен тип и старосна возраст беа вклучени во активностите на проектот (трибини, округли маси, работилници за танц и глума, едукативни екскурзии и летен камп). Центарот за социјална инклузија на лица со попреченост е вонинституционален сервис за територијата на општина Велес, кој нуди поддршка за лица со попреченост (церебрална парализа, аутизам, даунов синдром, интелектуална попреченост и др.) и за членовите на нивните потесни семејства. Преку посетите во рамките на проектот на социјален работник во домови на лица со попреченост утврдена е потреба да се формира сервис на локално ниво за Живеење со поддршка и Помош и нега во домот. |

| 11. Име на здружението: Македонија 2025 Огранок во Република Македонија Скопје | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Стем едукација и кариера - предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem) | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Промовирање и поттикнување поголемо учество на младите жени во СТЕМ образованието и избор на кариери во СТЕМ областа. |
| Активности | - Номинирање и избор на успешни жени со кариери во СТЕМ областа<br>- Селекцијата на средните училишта (и неколку основни училишта) кои ќе сакаат да станат потенцијални слушатели на говорите на жените со успешни кариери во СТЕМ<br>- Кампања со мотивациски подкасти од успешни жени со кариери во СТЕМ<br>- Снимање на кратки видеа (Тик-ток и други)<br>- Истражување за бариерите за поголемо учество на младите |

| | |
|---|---|
| | жени во СТЕМ (избор на студии и професија) и подготовка на предлог мерки и активности за минимизирање на препреките<br>- Развој на нацрт извештај/студија<br>- Производи за дисеминација на резултатите од проектот<br>- Завршен настан - Панел дискусија за WomenInStem |
| Резултати | - Информирање, подигање на самодовербата за избор и градење на СТЕМ кариера преку јавна кампања за промоција на СТЕМ кариерите, мотивациски објави на веб страни и социјални медиуми, 8 мотивациски предавања пред повеќе од 800 ученици во средни училишта во Скопје, Берово, Пехчево, Тетово и Битола и 8 подкасти со жени со успешна кариера или образование во СТЕМ.<br>- Теренско истражување и подготовка на два документи: Истражување „Идентификување на препреките и предизвиците за развој на кариера во СТЕМ кај младите девојки" и Бриф за политики „СТЕМувај како девојка: Предизвици и препораки за образование и развој на кариерата во СТЕМ кај девојките" за средни училишта. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени .....................................314.966<br>- Патни трошоци ..............................11.598<br>- Опрема ...............................................67.000<br>- Канцелариски материјали ...... 6.000<br>- Други директни трошоци .........11.072<br>- Индиректни трошоци ................ 0<br>- Специфични трошоци...............190.046<br>- Вкупно ............................................600.682 денари (од кои 682 денари сопствено учество на корисникот) |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација за направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. "СТЕМувај како девојка" е долгорочна програма на Македонија 2025 која ги промовира кариерите (професиите) во СТЕМ областа (наука, технологија, инженерство и математика) со главен фокус на СТЕМ едукација и кариера за младите девојки/жени. Програмата има за цел да го намали јазот во образованието на младите жени и мажи, да ја намали професионалната сегрегација на жените во нископлатени занимања и професии со мали можности за напредување и да ја намали стереотипната поделба на "машки" и "женски' |

| | |
|---|---|
| | професии. На тој начин ќе се намалат и родовите разлики на пазарот на труд и жените ќе имаат поголема улога во економскит развој и поголема економска независност. |

| | |
|---|---|
| 12. Име на здружението: Здружение за поддрпка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје | |
| ПРОЕКТ: 1620 пакети за 1620 семејства во 20 општини (ревидиран во 7 општини за 500 семејства) | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Обезбедување директна и навремена помош во храна и хигиенски средства за фамилиите во социјален ризик во – Скопје (и околните населени места, с. Мојанци), Куманово, Кавадарци, Битола, Велес, Штип и други градови. |
| Активности | - Изработка на информативен флаер за информирање и поттикнување на граѓаните да ги почитуваат мерките на заштита и превенција од ширење на Ковид 19<br>- Едуцирање на волонтери<br>- Помош на 500 семејства во 7 општини со пакети со храна и хигиенски средства<br>- Изработка на видео и фото документација за целиот процес на реализација на сите проектни активности. |
| Резултати | - Доделени се повеќе од 500 пакети со храна (над 10 тони) на граѓани во социјален ризик во 8 општини (Центар, Чаир, Куманово, Новаци, Кавадарци, Штип, Велес и Делчево)<br>- Зајакнати се капацитетите на партнерските организации на Банката за храна од Коалицијата против гладот и фрлањето храна<br>- Подигната е јавната свест за темите: фрлање и недостиг на храна |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 4 месеци |
| Буџет | - Вработени ...................................... 180.000<br>- Патни трошоци ............................... 0<br>- Опрема .................................................. 0<br>- Канцелариски материјали ........ 0<br>- Други директни трошоци .......309.985<br>- Индиректни трошоци .................. 0<br>- Специфични трошоци............. 110.993<br>- Вкупно ..................................... 600.978 (од кои 978 денари сопствено учество на корисникот) |
| Дали се доставени | Доставени се соодветни докази за трошење на средствата |

| | |
|---|---|
| докази за трошење на средствата | |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, доделени се повеќе од 500 пакети со храна (над 10 тони) на граѓани во социјален ризик во 8 општини. Поддршката од Владата беше силен поттик за вклучување на нови општини (Новаци, Јегуновце) и локални институции и поддршка од нови субјекти – оператори на храна, кои ја покажуваат својата општествена одговорна улога како доброчинители во општеството, во согласност со мисијата на здружението „Нула глад и Нула загуби во храна“. |

| | |
|---|---|
| 13. Име на здружението: Здружение Национален Ромски центар Куманово | |
| ПРОЕКТ: Да продолжиме да живееме | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Информирање, превентива доверба и мотивација за продлжување на животот на граѓаните во новонастанати услови. |
| Активности | - Проверка на постоечка дата на база на граѓани на ЗНРЦ<br>- Селекција на граѓани според категории, жени жртви на семејно насилство, самохрани родители, бремени жени, и мајки на новороденчиња.<br>- Утврдување на најпотребни и најосновни потреби за заштита.<br>- Медиумско информирање на граѓаните со ефикасни, ефективни и потврдени информации<br>- Соработка со релевантни институции од град Куманово одговорни за социјална и здравствена заштита. |
| Резултати | - Воспоставена е соработка со релевантни институции (Центар за јавно здравје Куманово, Министерство за финансии и Комисија за заразни болести),<br>- Едуцирано е ромското население од Куманово за заштита од Ковид-19 и зголемена е довербата во здравствените институции преку дизајн, печатење и дистрибуција на памфлети „ВАКЦИНИРАЈ СЕ заради себеси и вашите најблиски“,<br>- Обезбедена е поддршка за вакцинација од Ковид-19 на група од 50 семејства,<br>- Доделени се пакети со хигиенски и заштитни средства на 600 социјално загрозени семејства. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 2,5 месеци |
| Буџет | - Вработени ........................................ 178.980<br>- Патни трошоци .............................. 14.816 |

| | |
|---|---|
| | - Опрема .................................................. 0<br>- Канцелариски материјали ......... 18.646<br>- Други директни трошоци ............. 9.558<br>- Индиректни трошоци ........................ 0<br>- Специфични трошоци ...................378.000<br>- Вкупно ................................................ 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставени се соодветни докази за трошење на средствата |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, едуцирани се граѓаните од ромската заедница во Куманово за почитување на одлуките и препораките на здравствените институции за заштита од коронавирусот Ковид-19, обезбедена е поддршка за вакцијнација на група од 50 семејства, а на 600 социјално загрозени семејства доделени се хигиенски заштитни средства. Одржливоста на проектот ќе се обезбеди преку понатамошна соработка со граѓаните од ромската заедница за подобрување на нивниот животен стандард и вклученост во современото општество. |

| 14. Име на здружението: Здружение Хопс - Опции за здрав живот Скопје | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Унапредување на менталното здравје и заштита на здравствените и социо-економски права на маргинализираните заедници за време на пандемија | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Ублажување на последиците од Ковид 19 за маргинализираните заедници преку подобрен пристап до социо-економски и здравствени услуги и унапредување на нивното ментално здравје |
| Активности | - Социјална поддршка на терен и во дневни центри (совети, придружување, вадење документи)<br>- Бесплатна правна помош<br>- Индивидуално и групно психолошко советување на СР и ЛКУД кои ги чувствуваат последиците од Ковид 19 кризата врз своето ментално здравје<br>- Три кратки промотивни видеа за унапредување на здравствените и социо-економски права на СР и ЛКУД и заштита од Ковид 19<br>- Мини кампања преку прикажување и промоција на трите кратки промотивни видеа на социјалните и традиционалните медиуми<br>- Организирање на тематски разговор со цел унапредување на здравствени и социо-економски права и менталното здравје на СР и ЛКУД во време на Ковид пандемија<br>- Инфографици на остварени резултати од дадени услуги (психолошки, социјални, правни услуги) |

| | |
|---|---|
| Резултати | - Обезбедена социјална поддршка на 232 луѓе кои употребуваат droги и 142 сексуални работници. Дадени се 683 совети за заштита од Ковид-19, 540 упатувања до вакциналните пунктови, 3 придружби до вакциналните пунктови, 2 пополнети онлајн обрасци за вакцинација, 10 контакти со институции во име на клиенти, 3 информации за остварување на правото на здравствено осигурување, 8 информации за вадење на лични документи и 6 контакти по телефон.<br>- Обезбедена 361 услуга на бесплатна правна помош на 93 различни клиенти, од кои 71 луѓе кои употребуваат droги и 22 сексуални работници (287 совети, 38 упатувања, 24 изготвени документи и 12 контакти со институции). Советувани и мотивирани за потребата од вакцинирање од страна на правните советнички се вкупно 33 клиенти, од кои 25 луѓе кои употребуваат droги и 8 сексуални работнички.<br>- Обезбедено индивидуално и групно психолошко советување од страна на прихолози/психотерапевти преку остварен контакт со 24 луѓе кои употребуваат droги, 5 семејства на луѓе кои употребуваат droги и 16 сексуални работници. Дадени се 29 индивидуални психотераписки сесии, 9 семејни психотераписки сесии и 17 индивидуални советувања за надминување на последици од Ковид-19<br>- Изработени се три кратки промотивни видеа („Социјална заштита во период на пандемија“, „Здравствена заштита во период на пандемија“ и „Вакцината спасува живот“) кои содржат информации за подобрување на социоекономската и здравствената состојба кај маргинализираните заедници и спроведена кампања преку социјалните медиуми за нивна промоција |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ......................................... 360.000<br>- Патни трошоци ................................ 11.960<br>- Опрема .................................................. 0<br>- Канцелариски материјали .......... 5.995<br>- Други директни трошоци ............ 6.878<br>- Индиректни трошоци ..................140.927<br>- Специфични трошоци.................. 67.156<br>- Вкупно ......................................... 592.916 (неискористени средства 7.084 денари се вратени во Буџетот на Владата на 17.3.2022 година) |
| Дали се доставени | Доставена е соодветна финансиска документација за |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | |
|---|---|
| докази за трошење на средствата | направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Обезбедена е социјална поддршка, бесплатна правна помош, индивидуално и групно психолошко советување на луѓе кои употребуваат дроги и сексуални работници за унапредување на менталното здравје и заштита на здравствените и социо-економски права на маргинализираните заедници за време на пандемијата со Ковид-19, а преку промотивни видеа и кампања на социјалните медиуми се овозможи информирање на пошироката јавност. |

| | |
|---|---|
| 15. Име на здружението: Здружение на родители на деца со ретки невролошки болести (РЕТ синдром, Вилијамс синдром и др.) КОКИЧИЊА Скопје | |
| ПРОЕКТ: Ретки, но значајни | |
| Висина на грант:  600.000 денари | |
| Цел на проектот | Да им се овозможи на децата и млади со ретки болести непречено функционирање во услови на пандемија, како и подигање на јавната свест за постоење на деца и млади со ретки болести и за нивните основни права |
| Активности | - Интервју преку пополнување на прашалници од страна на родителите на децата за нивните потреби во услови на КОВИД 19<br>- Набавка на хигиенски и дезифекциони средства, заштитни маски и ракавици, ортопедски помагала и храна<br>- Дистрибуција до семејните домови на средствата, помагалата и производите |
| Резултати | Директна помош и поддршка во период од 3 месеци на 40 семејства со деца и млади со ретки болести од Виница, Злетово, Кочани, Охрид, Пробиштип, Свети Николе и Скопје, преку дистрибуција на пакети со хигиенски и дезинфекциски средства, храна, лекови, суплементи и отопедски помагала, согласно специфични потреби на корисниците, идентификувани во соработка со центрите за социјална работа |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ..................................... 120.759<br>- Патни трошоци ........................... 5.000<br>- Опрема .............................................. 0<br>- Канцелариски материјали ..... 0<br>- Други директни трошоци ....... 393.943 |

| | |
|---|---|
| | - Индиректни трошоци ............... 79.953<br>- Специфични трошоци................ 0<br>- Вкупно ........................................ 599.655 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација за направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, во период од 3 месеци на 40 семејства со деца и млади со ретки болести им се помогна да им се олесни секојдневното функционирање во време на пандемијата со Ковид-19. Идните активности на здружението се насочени кон ширење на свеста во пошироката јавност за проблемите со кои се соочува секојдневно оваа целна група, како и обезбедување на потребните средства за реализација на целите преку донаторски акции и потсетување на бизнис секторот за неговата корпоративна одговорност. |

| 16. Име на здружението: Организација Младинска алијанса Тетово | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Центар за правни совети и интервентни акции Covid-19 | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Превземање мерки за справување со кризата предизвикана со светската пандемија од коронавирусот Ковид 19 во полошкиот регион преку правна и психолошка помош или совети за безбеднсот и приспособување за најзагрозените групи, вклучително и спречување на стигматизација на загрозените со коронавирус и лица во изолација, како и набавка и дистрибуција на хуманитарна и санитарна помош на социјално загрозени и маргинализирани групи на локално ниво. |
| Активности | - Бесплатна правна помош<br>- Бесплатна психолошка помош<br>- Набавка на продукти за хуманитарни пакети<br>- Транспорт за хуманитарни пакети |
| Резултати | - Воспоставена канцеларија за давање на правна и психолошка помош, со правник и психолог, во која во текот на 5 месеци прифатени се 56 лица на кои им било потребно помош, решени позитивно 29 случаи преку давање совети и информации и дадена психолошка помош на 23 лица<br>- Набавка и дистрибуција на 150 пакети хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозени и маргинализирани групи (основни прехранбени продукти и средства за лична хигиена), во општините од Полошкиот плански регион (по 15 пакети во општините Теарце, Јегуновце, Желино, Брвеница, Боговиње, Врапчиште, Гостивар и Маврово-Ростуше и 30 пакети во општина Тетово, како најголема општина во регионот) |

| | |
|---|---|
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ...................................... 464.600<br>- Патни трошоци ............................ 40.000<br>- Опрема ....................................... 0<br>- Канцелариски материјали .... 15.000<br>- Други директни трошоци ....... 0<br>- Индиректни трошоци ............. 0<br>- Специфични трошоци................ 80.400<br>- Вкупно ............................................ 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација за направените трошоци |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Со активностите на проектот се придонесе за справување со кризата предизвикана од пандемијата од Ковид-19 во Полошкиот плански регион. Функционира канцеларија за правна помош, психолошка помош или совети за безбедност и приспособување за време на пандемија за најзагрозените групи, вклучително и спречување на стигматизација на заразените со коронавирус Ковид - 19 и лицата во изолација. Исто така беа набавени и дистрибуирани 150 пакети со хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и маргинализираните групи на локално ниво во 9 општини во Полошкиот плански регион. Со овој проект се воспостави поблиска соработка со општините од Полошкиот регион, што резултираше со меморандум за соработка со општна Јегуновце. Во иднина се очекува приклучување и на останатите општини во реализација на вакви активности. |

| | |
|---|---|
| 17. Име на здружението: Здружение на бубрежно болни граѓани НЕФРОН Скопје | |
| ПРОЕКТ: Борба со Covid 19 | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Да се подигне јавна свест за бенефитот од вакцинирање како пошироко општествено, социо-економско и етичко прашање со кое покрај спасување на животи се обезбедува и целосна победа над Ковид 19 |
| Активности | - Подготовка на анкета, дистрибуирање и обработка на податоците од анкетата<br>- Организирање на 5 онлајн работилници во дијализните центри во Скопје и во планските региони<br>- Обезбедување на психо-социјална/правна поддршка на нашите |

| | |
|---|---|
| | членови, која поради препораките врзани за моменталната ситуација, ќе се одржуваат онлајн преку Вибер, Месинџер или преку директна телефонска линија со повикување на бројот 02-322 58 99<br>- Запишување на здружението Нефрон во регистар на здруженија кои обезбедуваат бесплатна правна помош<br>- Печетење и дистрибуција на пригодни и разбирливи материјали (упатства, флаери, брошури и сл.) за реализација на промоција на мерките за превенција, лекување и вакцинирање против вирусот Ковид 19 на бубрежно болните и пациентите на дијализа. |
| Резултати | - Со поддршка од 23 центри за дијализа во државата, спроведена е анкета на 1423 пациенти на дијализа и изработена е „Анализа на податоци од истражувањето за состојбата на пациентите на дијализа за време на Ковид 19 пандемијата“<br>- Во соработка со Центарот за трансплантација на бубрези при Клиниката за урологија во Скопје изработен е „Извештај за состојбата со трансплантацијата на бубрези во РСМ за време на Ковид пандемијата (1.01.2020 - 31.12.2021)“, врз основа на обработени податоци од сите 50 извршени трансплантации во 2020 и 2021 година<br>- Организирани се 2 онлајн работилници и 4 работилници со физичко присуство, во соработка со Министерството за здравство и Националниот координатор за трансплантација<br>- Обезбедена е примарна психо-социјална поддршка на над 150 членови, повластен превоз со ЈСП годишни билети за 249 членови пациенти на дијализа од град Скопје и документација за 13 збирни барања за 104 членови да се стекнат со електронски картици за право на бесплатна патарина |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ......................................... 300.000<br>- Патни трошоци ............................... 0<br>- Опрема ................................................ 0<br>- Канцелариски материјали ........ 0<br>- Други директни трошоци .......... 0<br>- Индиректни трошоци ................ 0<br>- Специфични трошоци................ 300.000<br>- Вкупно .............................................. 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на | Уредно се доставени докази за трошење на средствата. Евидентирано е отстапување помеѓу планираните и реализирани трошоци по ставки во делот VII.Специфични трошоци поврзани |

| | |
|---|---|
| средствата | со програмата, но во границите на одобрените средства во буџетот. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целите на проектот се постигнати, бројот на членови кои остваруваат права и бенефициите преку здружението Нефрон (од областа на психо-социјална, здравствена и правна помош) во континуитет се зголемува. Со дирекни средби во центрите за дијализа и онлајн комуникација, постојана отвореност и транспарентност преку медиумите и социјалните мрежи се зголеми довербата кај пациентите и граѓаните и се подигна свесноста за значењето на донирање органи и за лекувањето на бубрежната болест од превенција до дијализа и трансплантација. |

| | |
|---|---|
| 18. Име на здружението: Македонска асоцијација за применета психологија СИМБОЛИКУМ Скопје | |
| ПРОЕКТ: Младите и пандемијата со COVID - 19 | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Да се слушнат размислувањата, потребите, потешкотиите и стстусот на менталното здравје на младите во текот на пандемијата, како и нивните препораки за олеснување на потешкотиите и проблемите со кои се соочуваат во текот на оваа година дена од пандемијата. Младите треба активно да се вклучат во текот на процесот на олеснување на последиците од пандемијата и да се почувствуваат дека се корисни членови на заедницата и општеството во ситуација на криза |
| Активности | - Организациски и административни работи<br>- Изготвување на прашалник и подготовки за изведување на истражувањето кај младите<br>- Спроведување на истражувањето<br>- Организација, пристап, формирање на фокус групите и спроведување на активностите со фокус групите<br>- Анализа на активностите и статистичка обработка на податоците од истражувањето и фокус групите<br>- Извлекување на заклучоци и препораки и поднесување на извештај |
| Резултати | Спроведено е истражување на влијанието на пандемијата врз квалитетот на живот на младите, преку електонско анкетирање на 234 испитаници, на возраст од 15 до 30 години и два состаноци на фокус групи со вкупно 7 учесници. Подготвен е документ „Резултати од истражувањето за влијанието на пандемијата врз квалитетот на животот на младите“, со препораки и статистичка и наративна обработка на резултатите од анкетата |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |

| | |
|---|---|
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ......................................... 594.445<br>- Патни трошоци .............................. 0<br>- Опрема ................................................ 0<br>- Канцелариски материјали ...... 0<br>- Други директни трошоци ......... 6.010<br>- Индиректни трошоци ................ 0<br>- Специфични трошоци................ 0<br>- Вкупно ...............................................600.455 (од кои 455 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Спроведено е истражување на влијанието на пандемијата врз квалитетот на живот на младите, преку електонско анкетирање на 234 испитаници, на возраст од 15 до 30 години и два состаноци на фокус групи со вкупно 7 учесници. Подготвен е документ „Резултати од истражувањето за влијанието на пандемијата врз квалитетот на животот на младите“, со препораки и статистичка и наративна обработка на резултатите од анкетата |

| | |
|---|---|
| 19. Име на здружението: Здружение МУЛТИКУЛТУРА Тетово | |
| ПРОЕКТ: Бесплатна правна и психолошка помош за минимизирање на последиците од КОВИД-19 кај граѓаните во Полошки регион | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Помош на граѓаните од Полошкиот регион за надминување на правни и психолошки потешкотии кои се појавија како резултат од пандемијата Ковид 19. |
| Активности | - Мапирање на ранливите групи погодени од коронавирусот во Општина Тетово, Општина Боговиње и Општина Желино<br>- Мапирање на услугите што граѓаните би можеле да ги користат од релевантни институции<br>- Подготовка и печатење на брошура со мерки<br>- Формирање мобилни тимови<br>- Обезбедување на бесплатна правна помош на жртвите на КОВИД-19<br>- Давање психолошки консултации<br>- Подготовка и издавање на извештај од резултатите |
| Резултати | - Подготвен е флаер „Мерки на Владата на Република Северна Македонија за поддршка на граѓаните во време на Ковид-19“<br>- Формирани се мобилни тимови (адвокат и два приравници) и организирани јавни дебати/советувања за бесплатна правна |

| | |
|---|---|
| | помош во општините Гостивар, Брвеница, Боговиње, Врапчиште, Желино и Теарце<br>- Одржана јавна дискусија „Бесплатна правна помош-предизвици и решенија“ (Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2.11.2021 год.) |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ......................................... 184.000<br>- Патни трошоци ............................... 40.280<br>- Опрема ................................................ 0<br>- Канцелариски материјали ...... 7.000<br>- Други директни трошоци .......... 21.000<br>- Индиректни трошоци ............... 68.000<br>- Специфични трошоци............... 279.720<br>- Вкупно ............................................ 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Подигната е јавната свест кај граѓаните во општините Тетово, Гостивар, Брвеница, Боговиње, Врапчиште, Желино и Теарце како да се справат со последиците од пандемијата со Ковид-19 и обезбеден е пристап до бесплатна правна помош и психолошко советување |

| | |
|---|---|
| 20. Име на здружението: Организација на жените Турчинки од Македонија ДЕРЈА Скопје | |
| ПРОЕКТ: Почитувај ги протоколите - живеј живот без КОВИД -19 | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Подигнување на свеста кај населението од сите етнички заедници во Општина Чаир за постоењето на вирусот Ковид-19 и неговото ширење, како и почитување на препораките од Министерството за здравство (правила на однесување, самоизолација, карантин). |
| Активности | - Прес конференција<br>- Подготовка на флаер<br>- Набавка на лап топ<br>- Набавка на хигиенски средства и опрема, 2 апарата за крвен притисок, 2 мерачи на температура, ракавици, дезинфекциони средства, заштитни мантили, гел за раце, памук.<br>- Работилници во поликлиники и терен |

| | |
|---|---|
| | - Набавка на канцелариски материјали<br>- Набавка на освежување за одржување на работилници<br>- Припрема на периодичен наративен и финансиски извештај<br>- Евалуација и обработка на листи на присутни на работилниците<br>- Припрема на завршен наративен и финансиски извештај |
| Резултати | -Воспоставена е соработка со ЈЗУ Здравствен дом Скопје и пет поликлиники (Чаир, Бит Пазар, Шуто Оризари, Јане Сандански и Букурешт) и формирани работни тимови<br>-Зголемена е информираност на граѓаните за коронавирусот Ковид-19 и начинот на заштита, намален е процентот на заразени и зголемена е подготвеноста на населението да се справи со потенцијални идни закани од пандемии и епидемии преку:<br>- опфатени 2025 граѓани на 225 едукативни работилници, 140 граѓани на 20 работилници/трибини и 150 граѓани на 75 теренски посети<br>- печатење и дистрибуција на 4000 флаери и 30 постери „Почитувај ги протоколите-живеј живот без Ковид-19“<br>- промовирање на проектот на прес конференција, гостување на 4 телевизиски станици, една радио станица и турска редакција и преку социјалните мрежи |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ....................................... 250.000<br>- Патни трошоци .......................... 66.200<br>- Опрема ............................................ 35.596<br>- Канцелариски материјали ... 41.720<br>- Други директни трошоци ..... 47.974<br>- Индиректни трошоци ........... 0<br>- Специфични трошоци............. 158.510<br>- Вкупно ............................................ 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е детална документација за трошење на средствата. Евидентирани се разлики меѓу планираните и реализирани трошоци кај дел од буџетските ставки, но во границите на вкупно одобрениот буџет и доставено е соодветно образложение |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, зголемена е информираноста на граѓаните за коронавирусот Ковид-19 и начинот на заштита, преку организирање на 225 едукативни работилници, 20 трибини и 75 теренски посети, печатење и дистрибуција на 4000 флаери и 30 постери во 5 поликлиники на територијата на град Скопје. Воспоставената соработка со ЈЗУ Здравствен дом Скопје и |

| | |
|---|---|
| | поликлиниките Чаир, Бит Пазар, Шуто Оризари, Јане Сандански и Букурешт овозможи да продолжат информативните и едукативни активности на здружението и по завршување на проектот |

| | |
|---|---|
| 21. Име на здружението: Здружение за поддршка на маргинализирани групи на граѓани Ромски Ресурсен Центар Скопје | |
| ПРОЕКТ: Подобрување на услугите во палијативната нега преку унапредување на вештините на млади Роми и нивно вработување во време на КОВИД 19 | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Придонес кон подобрување на услугите во палијативната нега преку регрутирање на млади лица од ранливи категории на граѓани, нивно зајакнување и вработување во време на Ковид 19 |
| Активности | - Формирање на експертска група за развивање на модулот/програмата за палијативен негувател<br>- Развивање на модулот/програмата за палијативен негувател<br>- Отварање на јавен повик за регрутирање на заинтересирани млади Роми за обука за палијативен негувател<br>- Селекција на најмалку 30 млади Роми заинтересирани за обуката за палијативен негувател<br>- Спроведување на програмата/обуката за палијативен негувател<br>- Тестирање за проценка на нивото на стекнато знаење од обуката<br>- Анагажирање на најдобрите 20% кандидати за палијативни негуватели во рамките на Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина "13 Ноември" |
| Резултати | - Од страна на експертска група подготвена е Програма за палијативен негувател од 12 модули (Теоретски дел - 5 модули и Практичен дел – 7 модули)<br>- Подготвен е Прирачник за спроведување обука за палијативни негуватели/ки<br>- По спроведен јавен повик и интервју со 30 кандидати, 22 кандидати ја следеа обуката за палијативен негувател во просториите на Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина "13 Ноември" од Скопје, од кои 16 успешно ја завршија<br>- Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина "13 Ноември" од Скопје склучи договори со најдобрите 6 кандидати и ќе бидат ангажирани како палијативни негуватели на 12 месеци, со можност за продолжување |
| Отстапување од планираните активности | Поради пандемијата со Ковид-19, бил намален интересот за учество во обуката, а поради заболување со Ковид-19, дел од учесниците се откажале од понатамошно следење на обуката |
| Времетраење на | 7 месеци |

| | |
|---|---|
| проектот | |
| Буџет | - Вработени ................................. 455.445<br>- Патни трошоци ............................ 20.941<br>- Опрема ...................................... 0<br>- Канцелариски материјали ....... 101.355<br>- Други директни трошоци ......... 3.699<br>- Индиректни трошоци ................ 18.000<br>- Специфични трошоци................ 0<br>- Вкупно ............................................ 599.440 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е финансиска документација, но активностите на проектот се со времетраење од 7 месеци (од јули 2021 до јануари 2022 година) спротивно на член 2 од Договорот за обезбедување финансиска поддршка бр.19-186/2 од 23.7.2021 година, според кој договорен период за спроведување на проектот е 5 месеци, но не подоцна од 31.12.2021 година. Од тие причини, исплатите во делот Вработени за јули 2021 и јануари 2022 (за координатор на проектот, административен асистент на проектот и сметководител и финансиски асистент на проектот), дел од патните трошоци реализирани надвор од договорниот период на проектот (21.7.2021, 13, 18 и 21.1.2022), трошоците за канцеларискиот материјал набавен и врз основа на фактура од 24.1.2022 година и банкарските провизии за јануари 2022 година, вкупно 73.724 денари, се сметаат за неоправдани и заедно со неискористените 660 денари, се вратени во Буџет на РСМ на 28.6.2022 година.<br>Во однос на исплатите на експертите за Практичен дел 3 од обуките спроведени во јануари 2022 година, трошоците за материјал за учесници на обуките според фактура од 24.1.2022 година, трошоците за освежување на учесниците според фактура од 26.1.2022 година и трошоците за печатење на Прирачник за палијативни негуватели според фактура од 10.1.2022 година, како образложение што се реализирани надвор од договорниот период за спроведување на проектот земено е во предвид известувањето бр.03-1174 од 29.4.2022 година од ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември Скопје, со чија соработка е спроведен проектот, дека поради надворешни влијанија (заболување со Ковид-19 помеѓу експертите-вработени во ЈЗУ и учесниците на обуката), биле приморани да ги одложат предавањата до момент на обезбедување на соодветни услови (јануари 2022 година). |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на | Постигнати се целите на проектот и долгорочни резултати и тоа: развиена е Програма за обука за палијативни негуватели од 12 модули, која во иднина ќе може да се верификува и да продуцира редовни кадри за негуватели; обучени и оспособени за работа се 22 Роми од социјално загрозени семејства за палијативни |

| | |
|---|---|
| проектот | негуватели, од кои 16 се сертифицирани, а најдобрите 6 од нив се задржани на дополнителна пракса во Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина “13 Ноември” од Скопје и ќе бидат ангажирани како палијативни негуватели на 12 месеци, со можност за продолжување. Подготвениот Прирачник за палијативни негуватели ќе се користи во понатамошно зајакнување на капацитетите за палијативни негуватели. |

| | |
|---|---|
| 22. Име на здружението: Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу грин Скопје | |
| ПРОЕКТ: Нови закони - нови правила | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Едукација и практична имплементација на правната регулатива во областа на управувањето со отпад, нејзина правилна примена и толкување од страна на засегнатите страни и граѓаните. Градење на дијалог помеѓу граѓаните, произведувачите, локалната и централната власт, граѓанските организации, со цел намалување на влијанието врз животната средина и здравјето на човекот, подигната свест и чувство на одговорност. |
| Активности | - Анализа и интерпретирање на новите закони за управување со отпад<br>- Изработка на брошура за производителите на отпад каде ќе бидат наведени нивните одговорности<br>- Анализа на Планот за превенција на отпад<br>- Дигитална кампања за општата јавност за превенција на отпад (во насока на нула отпад)<br>- Медумска кампања - за важноста од добро управување со отпадот, како и негова превенција<br>- Одбележување на Европската недела за намалување на отпадот (20-28 ноември)<br>- Завршен настан за време на Европската недела за намалување на отпадот |
| Резултати | - Изработена брошура “Реформирано управување со отпадот во Република Северна Македонија” и едукативно видео за новата законска регулатива (6 закони) и зголемената одговорност на засегнатите страни за управување со отпад<br>- Спроведена дигитална кампања за општата јавност за превенција на отпад (во насока на нула отпад), комуникациски пораки преку социјалните мрежи следени од 14.000 лица<br>- Спроведена медиумска кампања за важноста на добро управување со отпадот и негова превенција (3 гостувања во живо, 3 изјави за медиуми и 5 објави на текст за превенција од отпад)<br>- Одржани 3 настани за одбележување на Европската недела за намалување на отпадот во средни училишта во Битола, |

| | |
|---|---|
| | Гостивар и Скопје и завршен настан во Кинотека Скопје, еко работилница преку смарт мобилна станица за селекција. Наместо билет на кино проекциите секој од учесниците имал обврска да донесе сопствен отпад и правилно да го селектира. |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ...................................... 360.000<br>- Патни трошоци ......................... 0<br>- Опрема ...................................... 0<br>- Канцелариски материјали ...... 4.360<br>- Други директни трошоци ........ 0<br>- Индиректни трошоци ................42.675<br>- Специфични трошоци...............192.000<br>- Вкупно.................................... 599.035 (преостанатите неискористени средства 965 денари се вратени во Буџетот на 3.3.2022 година) |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, доставена е комплетна финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Проектот ја постигнал целта, зголемена е информираноста за шестте нови закони во областа на управувањето со отпад, изработена е брошура и едукативно видео за правилна селекција на отпад, а информациите се следени од 14.000 лица преку социјалните медиуми. Новата регулатива за управување со отпад е обемна и потребно е постојано да се работи на нејзина промоција и правилна комуникација со широката јавност, за да може секој учесник во системот за управување со отпад да даде свој придонес поради високо развиената свест за одговорност кон животната средина, а не поради казните пропишани во законите. |

| | |
|---|---|
| 23. Име на здружението: Пчеларско здружение ПЧЕЛА Куманово | |
| ПРОЕКТ: Да им помогнеме на пчелите | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Да се допринесе кон зголемена јавна свест за значајната улога на пчелите во екосистемот и неповолните услови за нивно одгледување, како и преземање на конкретни мерки за ублажување на негативното влијание на климатските услови врз пчелите и воопшто врз целокупниот биодиверзитет. |
| Активности | - Припремни активности,<br>- Организација на 2 теоретски едукативни работилници и |

| | |
|---|---|
| | тематски дискусии со пчеларите и пошироката популација од руралните средини,<br>- Организација на 2 практични работилници на терен (во пчеларник) за практично демонстрирање на директните мерки за борба со климатските промени, за пчеларите,<br>- Организација на 2 работилници и тематски дискусии за учениците од завршните години во средното стручно училиште (соработник на проектот) како и заинтересирани ученици од други средни училишта,<br>- Припрема на локаците (земјиштето) за засадување на медоносна флора,<br>- Организација на 6 акции за пошумување. |
| Резултати | - Информирани 42 одгледувачи на пчели за примена на цврста прихрана (погачи) со заменски полен (FeedBee формула)<br>- Дистрибуирани 75 пакети со по 10 погачи или вкупно 750 погачи со заменска цврста прехрана (заменски полен)<br>- Едуцирани вкупно 49 ученици од III и IV година од ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ"-Куманово за улогата и значењето на медоносните пчели за биодиверзитетот, влијанието на климатските промени врз опстанокот на медоносните пчели, како и предлог методи за справување со проблеми предизвикани од климатските промени<br>- Обучени 44 пчелари за техника на засадување на дрвја и нивното одржување преку годината<br>- Дистрибуирани 1217 садници од медоносни дрвја и грмушки (на секој член по 16 садници) и засадени на 80 локации,<br>- Едуцирани 32 пчелари и граѓани на Куманово како да се помогне на пчелите<br>- Едуцирани 35 пчелари и граѓани на Куманово за значење на медоносните дрвја во борбата против негативното влијание на климатските промени и заштита на пчелите |
| Отстапување од планираните активности | Поради примена на протоколите за заштита од коронавирусот, ограничен бил бројот на слушатели од пошироката јавност на теоретските презентации, но преку медиумите и поделениот пропаганден материјал, информирана е јавноста за проектот и важноста на животната средина и пчелите |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ........................................... 102.500<br>- Патни трошоци .................................. 12.340<br>- Опрема ..................................................... 12.340<br>- Канцелариски материјали ............. 6.170<br>- Други директни трошоци ................ 5.085<br>- Индиректни трошоци .......................... 0<br>- Специфични трошоци...................... 461.062 |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | |
|---|---|
| | - Вкупно ....................................................... 599.497 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е комплетна финансиска документација. Според завршниот извештај вкупно потрошени средства се 599.497 денари од доделени 600.000 денари. Исплатената фактура бр.1448 за набавка на ИТ опрема е во износ од 18.510 денари, а прикажани трошоци според планираниот буџет се 12.340 денари, поради што се смета дека сите доделени средства (600.000 денари се потрошени за целите на проектот) |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целите на проектот се постигнати. Обучени се пчелари за примена на нови методи за одгледување на пчели, за карактеристиките и значењето на медоносните садници и нивно засадување и негување. Информирани се ученици средношколци и пошироката јавност за значење на пчелите за заштита на биодиверзитот и животната средина. Активностите на здружението и во иднина ќе бидат насочени кон заштита на пчелите, пошумување со медоносни дрвја и постојана едукација како на пчеларите, така и на учениците и граѓаните воопшто |

| | |
|---|---|
| 24. Име на здружението: Здружение за заштита и унапредување на животната средина Еко-живот Кавадарци | |
| ПРОЕКТ: Тиквешкиот регион по европски модел за заштита на природата и ресурсите | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Зголемување на свеста на граѓаните и институциите за потребата од определување на заштитни зони околу водните тела изворите Лукар и Космотец и зафатот Стара Река наменети како води за консумирање на жителите на три општини (Кавадарци, Неготино, Росоман) и покренување на иницијатива за прогласување на изворишните зони за заштитени подрачја. Зголемување на информациите и знаењата на учениците од основните и средните општински училишта како и студентите од дисперзираните студенти во Тиквешијата за значење на водите и водниот биодиверзитет, човековите права за здрава животна средина |
| Активности | - Посета на изворите Лукар, Косматец и Стара река за детерминирање и фотографирање на тековната состојба<br>- Остварување на средба со претставници од општина Кавадарци и ЈП Комуналец Кавадарци за информирање за почеток на проектот и договарање на следните заеднички чекори<br>- Креирање на ФБ страна за проектот<br>- Поставување на трап камери на изворите<br>- Остварување на онлајн/физичка дебата со граѓаните<br>- Реализирање на обука за правна регулатива за заштитени подрачја<br>- Средби со претствници од општините и од релевантни институции за проектот за потпишување на меморандум за соработка и посилно заедничко дејствување кај Министерстовот за здравство и Влада на Република Северна Македонија за „одмрзнување“ на постапката за |

| | |
|---|---|
| | прогласување на заштитено подрачја<br>- Организирање на онлајн расправа за важноста и начинот за прогласување на околината околу водните тела за заштитени подрачја со соодветните надлежни институции и НВО секторот<br>- Реализирање на обука за мониторинг и заштита на загрозени и ендемични видови (онлајн/со физичко присуство во Кавадарци, согласно здравствените услови)<br>- Формирање на локално-регионално интерсекторско тело за заштита на подрачјето Лукар кое ќе биде задолжено за продолжување на активностите до прогласување на подрачјето за заштитено<br>- Инфо средби со учениците во основните и средните општински училишта како и студентите од дисперзираните студии во Кавадарци<br>- Креирање и печатење на информативна брошура<br>- Реализирање на состанок помеѓу работната група и стручните претставници од соодветните министерства (Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, локални инспектори и институции, како и прекугранична соработка со оглед дека Кожуф планина е помеѓу Грција и Република Северна Македонија)<br>- Реализирање на обука за за заштита на водите, со акцент на водите во Тиквешкиот регион (онлајн/со физичко присуство во Кавадарци, согласно здравствените услови)<br>- Изработка и поставување на 2 информативни знаци и инфо-табли со информации за соодветниот извор, присутната флора и фауна во неговата околина и пораки до посетителите за подигање на свеста за почитување и заштита на околината околу изворот<br>- Промотивно видео за важноста од заштита на водите наменети за пиење од човекот<br>- Формирање на едукативен центар за заштита и промоција на природата и природните предели на општина Кавадарци |
| Резултати | - Креиран е информативен флаер „Тиквешкиот регион по европски модел за заштита на природната и ресурсите", споделен преку социјалните медиуми, работилниците и презентациите организирани во рамките на проектот<br>- Потпишани се Меморандуми за соработка со општина Кавадарци и ЈП за комунални работи Комуналец-Кавадарци и формирано е локално-регионално интерсекторско тело за заштита на подрачјето Лукар со претставници од општините и ЈКП од Кавадарци, Росоман и Неготино https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/167096182173767<br>- Одржани се 6 обуки (по 2 обуки за: правната регулатива за заштитени подрачја (31.8 и 7.10.2021), заштита на водите, со акцент на водите во Тиквешкиот регион (7.10 и 24.11.2021) и мониторинг и |

| | |
|---|---|
| | заштита на загрозени и ендемични видови (16 и 23.12.2021)<br>- Организирани се презентации во средните училишта СОЗШУ „Ѓорче Петров“ и СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци ( 2 и 29.12.2021)<br>https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/225515362998515<br>https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/228037742746277<br>- Поставени се 3 информативни табли и врз основа на одлука на Советот на општина Кавадарци, креиран е Едукативен еко-центар за заштита на водите и биодиверзитетот во градскиот парк „Љупчо Шкартов“ во Кавадарци<br>https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/238948588321859 |
| Отстапување од планираните активности | Поради временските услови во октомври и декември 2021 година не се организирани посети на терен. Информативните средби планирани со ученици и студенти, поради епидемиолошката состојба со Ковид-19 се реализирани само во средните училишта СОЗШУ „Ѓорче Петров“ и СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци, а презентација на студентите од дисперзираните студии во Кавадарци не била дозволена. |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ........................................ 291.089<br>- Патни трошоци ............................ 21.000<br>- Опрема ............................................ 13.750<br>- Канцелариски материјали ...... 10.090<br>- Други директни трошоци ....... 189.922<br>- Индиректни трошоци .............. 0<br>- Специфични трошоци.............. 82.179<br>- Вкупно ...................................... 608.030 (од кои 8.030 денари сопствено учество на корисникот) |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Да, доставена е комплетна финансиска документација. Евидентирани се мали отстапувања помеѓу планираните и реализирани трошоци во дел од буџетските ставки, но во границите на вкупно одобрениот буџет и истите се соодветно образложени. |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, зголемена е свеста на граѓаните и институциите за важноста на изворите Лукар и Космотец и зафатот Стара Река и на водите и биодиверзитетот воопшто, преку организирани обуки и презентации во рамките на проектот и креирање на Едукативен еко-центар за заштита на водите и биодиверзитетот во градскиот парк „Љупчо Шкартов“ во Кавадарци. |

| | |
|---|---|
| 25. Име на здружението: Здружение Асоцијација за ДЕМОКРАТСКА ИНИЦИЈАТИВА Гостивар | |
| ПРОЕКТ: Поттикнување на институционалната дигитална иновативност - алатка за борба против корупција | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Придонес кон зголемување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во сите сектори на општеството. |
| Активности | - Функционална анализа<br>- Изработка на студија на случај – Институционална дигитална иновативност<br>- Продукција информативни видеа<br>- Дизајнирани објави<br>- Завршен промотивен настан |
| Резултати | - Подготвена публикација „Дигитализација и е-услуги во Северна Македонија-функционална анализа", во која се презентирани резултатите од анализа на состојбите со дигитализацијата и достапноста на е-услуги во секторите: правосудство, полиција, локална самоуправа, јавно здравство, образование и економија, заедно со студија на случај „Институционална дигитална иновативност", во која е претставена мЗаедница, дигитална платформа (мобилна и веб апликација) која им овозможува на граѓаните да се вклучат во работата на локалните власти<br>- Преку социјалните медиуми се презентирани дигитални услуги кои се имплементираат од институциите, преку две видеа кои се однесуваат на стекнување на сертификат за вакцинација и добивање на имотен лист од катастар https://www.facebook.com/adimacedonia и https://www.facebook.com/blink4221 |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ........................................ 237.693<br>- Патни трошоци ............................ 7.356<br>- Опрема ............................................ 0<br>- Канцелариски материјали ..... 0<br>- Други директни трошоци .......... 11.574<br>- Индиректни трошоци ................ 24.000<br>- Специфични трошоци................ 319.377<br>- Вкупно ............................................ 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на | Доставена е финансиска документација |

| | |
|---|---|
| средствата | |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот преку промоција на дигитализацијата како алатка за сузбивање на корупцијата, утврдување на моменталните капацитети на јавните институции, мапирање на можностите за дигитализација на одредени јавни услуги и практични предлози за институционална дигитална активност. Функционалната анализа за дигитализација и е-услуги во секторите: правосудство, полиција, локална самоуправа, јавно здравство, образование и економија, заедно со студија на случај за институционална дигитална иновативност и дигиталната платформа мЗаедница придонесува за промовирање на дигиталните услуги и можностите за нивно понатамошно унапредување и користење од граѓаните и од институциите |

| | |
|---|---|
| 26. Име на здружението: Здружение на граѓани ПОЛИО ПЛУС-ПОСТ ПОЛИО група за поддршка Скопје | |
| ПРОЕКТ: Ефикасна имплементација Конвенција за правата на лицата со хендикеп | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Да се унапреди владеението на правото и да се поддржи донесувањето одлуки и политики за поддршка на агендата за одржлив развој преку доследна имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, преку градење на институционален капацитет на извршната и законодавната власт |
| Активности | - Тренинг водич за Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп<br>- ИППГ – брошура<br>- Подигнување на институционалните капацитети на извршната и законодавната власт<br>- Вмрежување и заедничко делување за хармонизација со Конвенцијата |
| Резултати | - Изработен Тренинг водич за Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп<br>- Изработена е брошура за Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп<br>- Организирана е тридневна работилница со членовите на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост и изработени се Предлог-акциски пан на ова тело и за министерствата вклучени во него, за имплементација на мерките од Конвенцијата во 2022 година |
| Отстапување од планираните активности | Не е наведено |
| Времетраење на | 5 месеци |

| | |
|---|---|
| проектот | |
| Буџет | - Вработени ................................ 112.000<br>- Патни трошоци...................... 175.400<br>- Опрема ................................... 0<br>- Канцелариски материјали ........... 3.000<br>- Други директни трошоци ............ 6.000<br>- Индиректни трошоци ................ 0<br>- Специфични трошоци.............. 303.600<br>- Вкупно ........................................ 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е комплетна финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Целта на проектот е постигната, зајакнати се институционалните капацитети за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост на извршната власт (Националното координативно тело за имплеметнација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост) и законодавната власт (Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп) |

| | |
|---|---|
| 27. Име на здружението: Коалиција на здруженија на граѓани СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје | |
| ПРОЕКТ: Мониторинг на судски постапки во основните судови во Р. Северна Македонија | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Зголемување на транспарентноста на судовите на институционално ниво преку зајакнување на правото на јавно судење во основните судови и подобрување на индивидуалните капацитети на граѓаните преку зголемување на степенот на нивна информираност. |
| Активности | - Подготвителни активности<br>- Мониторинг на судски постапки преку физичко присуство во судницата<br>- Искористување на механизмот за рано репортирање на детектирани процесни неправилности<br>- Активности за подигнување на општата свест за правата на граѓаните во постапките и начелото на јавно судење |
| Резултати | - Ангажирани 18 професионални судски набљудувачи<br>- Обезбедена јавност на судењата за почитување на меѓународните стандарди за фер и правично судење<br>- 136 граѓани се обратија до Коалицијата за мониторинг на судски постапки<br>- Објавени 5 правни мислења на веб страната на Коалицијата и |

| | |
|---|---|
| | социјалните мрежи за детектирани процедурални пропусти во набљудуваните постапки<br>- Најмалку 1000 граѓани се информирани за начелото на јавно судење и можноста да побараат мониторинг на судски постапки преку поставени постери во сите основни судови во Република Северна Македонија, 3 инфографици објавени на социјалните мрежи и 1 билборд поставен пред основните судови во Скопје |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ................................... 249.000<br>- Патни трошоци ............................ 9.995<br>- Опрема ......................................... 0<br>- Канцелариски материјали ..... 0<br>- Други директни трошоци ...... 13.650<br>- Индиректни трошоци .............. 47.476<br>- Специфични трошоци .......... 278.040<br>- Вкупно ............................ 598.161 (преостанатите неискористени средства, 1.839 денари, се вратени во буџетот на Владата на 28.2.2022 година) |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е комплетна финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Најмалку 1000 граѓани се информирани за начелото на јавно судење и можноста да се обратат до Коалицијата за мониторинг на нивните постапки. Коалицијата ќе продолжи да биде достапна за граѓаните за да обезбеди јавност на судењата во нашата држава, а воедно и како регистрирано здружение за бесплатна правна помош Коалицијата ќе продолжи со пружање на правни совети согласно Законот за бесплатна правна помош |

| 28. Име на здружението: Младински културен центар Битола | |
|---|---|
| ПРОЕКТ: Заедно до нови работни места | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Намалување на младинската невработеност и зајакнување на главни врски помеѓу понуда и побарувачката на пазарот на труд преку поддршка и јакнење на компетенциите на младите луѓе за полесно вработување и започнување на сопствен бизнис |
| Активности | - Јавен повик, промоција и селекција на учесници во бесплатни |

| | |
|---|---|
| | програми за вработливост и започнување на сопствен бизнис,<br>- Подготовка на модули и прирачници за програмите, селекција на едукатори<br>- Реализација на програмата за вработливост<br>- Подготовка на наративен и финансиски извештај |
| Резултати | - Подготвен е прирачник „Обуки за подготовка за барање на работа“<br>- Организирани се обуки за 20 млади невработени лица од ранливи категории на семејства од Пелагонискиот регион, за користење на современи и актуелни алатки за вработливост согласно моменталните потреби на работодавачите и личен кариерен развој |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ...................................... 303.850<br>- Патни трошоци ........................... 25.000<br>- Опрема ............................................ 50.000<br>- Канцелариски материјали .... 20.000<br>- Други директни трошоци ....... 5.000<br>- Индиректни трошоци ............. 50.000<br>- Специфични трошоци................ 146.150<br>- Вкупно .............................................. 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот, врз основа на подготвен прирачник „Обуки за подготовка за барање на работа“, организирани се обуки за 20 млади невработени лица од ранливи категории на семејства од Пелагонискиот регион, за користење на современи и актуелни алатки за вработливост согласно моменталните потреби на работодавачите и личен кариерен развој. Комуникацијата и поддршката на учесниците во проектот ќе продолжи, согласно нивните потреби, афинитети и капацитети и Оперативниот план за вработување за 2022 година. |

| |
|---|
| 29. Име на здружението: Здружение за хумано општествен развој Проект Среќа-Скопје |
| ПРОЕКТ: Допри ги ѕвездите - интегрален проект за градње на вештини,и достапност на култура, уметност и неформално образование за деца до 18 години во категорија социјален ризик од цела Македонија, и обезбедување на училишни материјали за нив |
| Висина на грант: 600.000 денари |

| | |
|---|---|
| Цел на проектот | Децата во социјален ризик да добијат вештини знаења и самодоверба со кои во иднина ќе станат продуктивен и едуциран дел од општеството и на пазарот на работна сила, како и полесно продолжување на образованието, со особена мотивација за подобри училишни резултати, како би завршиле и високо образование, што во нормални услови, најчесто нема да го направат тоа |
| Активности | - Интервју со учениците за ажурирање на нивните потреби, нивните желби за курс по странски јазик, музика или спорт, потребите за асистенција во наставата и компјутерска опрема за новите првачиња<br>- Селекција и распределба на корисниците во групите во кои ќе учествуваат, неформално образование, школска опрема, асистенција во настава и сл.<br>- Селекција на тимот кој ке ги води групите и поделба на раководителите за асистенција, неформално образование и психолошка поддршка<br>- Набавката на опремата, нејзино пакување и праќање до корисниците<br>- Активности за корисниците во делот на неформално образование, спортски членарини и асистенција<br>- Комуникација во секој град со сите заинтересирани субјекти, кои ќе сакаат да ги стават на располагање своите услуги бесплатно за одреден број на деца во социјален ризик од таа општина, и потпишување на меморандум за соработка на две години<br>- Корисничка картичка од „Проект Среќа" со која ќе имаат пристап во правните субјекти кои ќе нудат бесплатни услуги за сите деца кои се заинтересирани<br>- Извештај што е набавено, на кого и колку е поделен набавениот матерјал |
| Резултати | Со „Допри ги ѕвездите", како проект од општествено одговорен и социјален карактер за подобрување на квалитетот на живот на децата и младите во социјален ризик, преку дополнително потпишани меморандуми за соработка со компании и индивидуални донации, обезбеден е училишен прибор и опрема за повеќе од 350 деца во социјален ризик, а 17 семејства добиле можност за интернет пристап во своите домови, од кои 7 биле платени со средствата од овој проект |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ......................................... 179.000 |

| | |
|---|---|
| | - Патни трошоци ............................. 49.180<br>- Опрема ................................................ 277.259<br>- Канцелариски материјали ...... 6.033<br>- Други директни трошоци .......... 56.018<br>- Индиректни трошоци .............. 0<br>- Специфични трошоци................ 43.550<br>- Вкупно ...................................... 611.040 денари, од кои 11.040 сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Со „Допри ги ѕвездите“, како проект од општествено одговорен и социјален карактер за подобрување на квалитетот на живот на децата и младите во социјален ризик, преку дополнително потпишани меморандуми за соработка со компании и индивидуални донации, обезбеден е училишен прибор и опрема за повеќе од 350 деца во социјален ризик, а 17 семејства добиле можност за интернет пристап во своите домови, од кои 7 биле платени со средствата од овој проект. Со потпишувањето на меморандумите за соработка се развива дополнително филантропијата и се вложува во подобрување на иднината кај децата во социјален ризик, со што се обезбедува одржливоста на проектот. |

| | |
|---|---|
| 30. Име на здружението: Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп | |
| ПРОЕКТ: Креирање на кариерна патека во согласност со пазарот на труд | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Зајакнати капацитети на основните училишта, центрите за социјална работа и граѓанските организации за кариерно насочување и советување на младите согласно локалниот пазар на труд. |
| Активности | - Раководење со проектот<br>- Креирање на прирачник за кариерно советување и насочување<br>- Примена на Методологија за кариерно советување и насочување<br>- Пилотирање на методологијата |
| Резултати | - Подготвен е Прирачник со алатки и најдобри практики за кариерно советување и насочување на млади<br>- Одржана обука Зајакнување на капацитетите на претставници на младински организации за кариерно насочување и советување за работа и опфат на НЕЕТ групата на млади (Струга, 3-5.9.2021 година, со учество на 12 претставници на младински организации) |

| | |
|---|---|
| | - Одржана обука Зајакнување на капацитетите на семејните социјални работници за примена на методологијата за кариерно насочување и советување со младите во ризик и примател на ГМП во согласност со пазарот на труд (Струга, 17-19.9.2021 година, со учество на 12 семејни социјални работници од центрите за социјална работа)<br>- Одржана обука Зајакнување на капацитетите на стручните служби од основните училишта за примена на методологијата во согласност со идентификуваните потреби на учениците и пазарот на труд (Струга, 8-10.10.2021 година, со учество на 11 претставници на стручни служби од основни училишта) |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ....................................... 181.500<br>- Патни трошоци ........................... 11.525<br>- Опрема ....................................... 0<br>- Канцелариски материјали ...... 4.107<br>- Други директни трошоци ........ 4.307<br>- Индиректни трошоци ............... 0<br>- Специфични трошоци................398.591<br>- Вкупно ..................................... 600.030 (од кои 30 денари сопствено учество на корисникот) |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација. Евидентирани се мали отстапувања помеѓу планираните и реализирани трошоци во дел од буџетските ставки, но во границите на вкупно одобрениот буџет |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Со примена на Методологијата за кариерно советување и насочување, обучени се 16 претставници на институции (8 од Центри за социјална работа и 8 од основни училишта од 4 општини) и претставници од 10 граѓански организации кои понатаму спровеле последователни активности, со што се опфатени повеќе од 300 млади на локално ниво. Со предложениот пристап и методологија се придонело кон постигнување на предвидените резултати и остварување на проектните цели. Подготвен бил и Прирачник со алатки и најдобри практики за кариерно советување и насочување на млади, кој ќе служи како корисна алатка во понатамошната работа на стручните лица кои работат на ова поле. Коалицијата на младински организации СЕГА ќе продолжи да работи на кариерно насочување и советување за младите и јакнење на капацитетите на младинските организации. Активностите кои ги креираат преку проектите се во насока на зајакнување на капацитетите на |

| | |
|---|---|
| | младинските организации, институциите и училиштата, а преку нив се зајакнуваат капацитетите и се информираат младите како целна група. |

| | |
|---|---|
| 31. Име на здружението: Здружение на граѓани Младите можат Скопје | |
| ПРОЕКТ: Чекори кон кариера од соништата | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Младите (средношколци и студенти) да се мотивираат да го пронајдат своето поле на интерес и делување и да ја креираат сопствената иднина преку тренинзи за кариерно насочување и пракса |
| Активности | - Документ за јавна политика за кариерно насочување на млади<br>- Тренинзи за кариерно насочување на млади<br>- Social day - Еднодневни работни позиции за средношколци<br>- Краткорочни job shadowing позиции за студенти |
| Резултати | - Подготвен е документ за јавна политика „Унапредува на младинските политики за кариерен развој и младинско вработување“, десиминиран до 3000 млади луѓе преку меил листи и социјалните мрежи<br>- 80 млади поминаа тренинг за кариерно насочување и креираа кариерни планови соодветни на нивните потреби, таленти, интереси и можности за остварување<br>- 40 средношколци имаа обезбедена позиција на Social day за стекнување на практични вештини во работна средина<br>- 40 студенти имаа обезбедена job shadowing позиција и стекнати практични вештини и знаења за професијата која тие ја преферираат |
| Отстапување од планираните активности | Нема отстапување од планираните активности |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ..................................... 279.576<br>- Патни трошоци .......................... 0<br>- Опрема ....................................... 0<br>- Канцелариски материјали ..... 0<br>- Други директни трошоци ....... 2.400<br>- Индиректни трошоци ............... 24.000<br>- Специфични трошоци...............311.500<br>- Вкупно .......................................617.476 денари, од кои 17.476 денари сопствено учество на корисникот |
| Дали се доставени докази за трошење на | Доставена е соодветна финансиска документација. Постојат мали отстапувања помеѓу планираните и реализирани трошоци во дел од буџеските ставки, но во границите на вкупно одобрените |

| | |
|---|---|
| средствата | средства во буџетот |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Преку анализа и идентификување на потребите, интересите, талентите и претензиите на младите за кариерно насочување се успеало да се детектираат клучните активности кои треба да се превземат во насока на избор на кариера. Преку реализација на Social Day и job shadowing, 80 млади (40 средношкоци и 40 студенти) добиле реален приказ на работните позиции преку директно поврзување со компаниите од различни сектори. Со подготовка и дисеминација на документот за јавна политика „Унапредување на младинските политики за кариерен развој и младинско вработување" се овозможува одржливост на проектот и креирање на политики и активности во интерес на младите |

| | |
|---|---|
| 32. Име на здружението: Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) Скопје | |
| ПРОЕКТ: Граѓанските приоритети, темел на јавните услуги и политики | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Да се воспостави организиран систем и пракса на двонасочна комуникација помеѓу граѓаните и донесувачите на одлуки при планирање и спроведување на здравствените политики и политиките од областа на вработувањето |
| Активности | - Формирање на едно координативно тело<br>- Подготовка на спецификација за изработка на електронска платформа<br>- Подготовка на постапка за идентификување на целни групи и нивно вклучување<br>- Подготовка на едукативен материјал<br>- Развивање на прашалник за прибирање на мислења на граѓаните за најпогодниот начин за нивно вклучување од страна на јавните институции и оценување на квалитетот, задоволството и пристапот до услугите<br>- Објавување на јавен повик за изработка на електронската платформа<br>- Склучување на договор за изработка на електронската платформа<br>- Мапирање на 1.000 домаќинства<br>- Развивање на една електронски платформи<br>- Спроведување на прашалник<br>- Две средби за изработка на план за унапредување на приоритетните предизвици со кои се соочуваат граѓаните |
| Резултати | - Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ Скопје, |

| | |
|---|---|
| | со што е воспоставена соработка и партнерство во спроведување на заложбата „Јавни услуги и политики темелени на граѓанските приоритети од областа на вработувањето" од Националниот акцискиот план за Партнерство за отворена власт 2021-2023<br>- Формирано е Координативно тело, со по еден претставник од граѓанските организации вклучени во проектот, Министерството за труд и социјална политика и претставник и Агенцијата за вработување, за развивање и спроведување на активностите, кои и по завршување на проектот ќе продолжи партнерски да работи на вклучување на граѓаните во процесите на донесување на одлуки и унапредување на квалитетот на услугите за вработување<br>- Во процесот на мапирање идентификувани се 1.003 домаќинства, во кои живеат 2.084 мажи, 2.296 жени, 1.705 деца/ученици/студенти и 229 пензионери. Од вкупниот број домаќинства 13% се домаќинства без приходи, од бројот на возрасни членови 75% се невработени лица, од кои 23% се нерегистрирани во евиденцијата на АВРСМ. 988 од идентификуваните невработени лица во општините Куманово, Прилеп, Тетово и Шуто Оризари, преку анкетен прашалник, беа вклучени во оценувањето на квалитетот, пристапноста и транспарентноста во обезбедување на услугите за вработување<br>- Развиена е електронска платформа (како дел од веб страницата на Агенцијата за вработување) за објавување и визуелизација на податоци за планираниот и реализираниот опфат на лица и средства за секоја од активните мерки за вработување (платформата е во тест фаза, достапна на следниот линк http://av.gov.mk/testhome.nspx) |
| Отстапување од планираните активности | Долгите постапки за интерни консултации во рамки на двете вклучени јавни институции влијаеле врз одолговлекувањето на постапката за потпишување на меморандумот за соработка. Овој предизвик не влијаел врз динамиката на спроведувањето на проектот и неговите резултати. Локалните избори и активностите на политичките партии во општините имале влијание врз пролонгирање на периодот за спроведување на теренското истражување. |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ........................................ 262.000<br>- Патни трошоци ............................ 0<br>- Опрема ...................................... 0<br>- Канцелариски материјали .......... 5.600<br>- Други директни трошоци .......... 12.545<br>- Индиректни трошоци ................ 0 |

| | |
|---|---|
| | - Специфични трошоци................ 319.855<br>- Вкупно .............................................. 600.000 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот | Постигнати се целите на проектот. Воспоставено е партнерство помеѓу Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и четири локални граѓански организации од општините: Тетово, Куманово, Шуто Оризари и Прилеп во насока на идентификување, јакнење и вклучување на невработените граѓани на локално ниво, со фокус на ранливите групи на граѓани кои не се регистрирани во евиденцијата на Агенцијата, во процесите на планирање, следење и евалуација на активните политики за вработување. Воспоставеното партнерство и развиената електронска платформа (како дел од веб страницата на Агенцијата) за објавување и визуелизација на податоци за планираниот и реализираниот опфат на лица и средства за секоја од активните мерки за вработување претставуваат појдовна основа кон остварување на долгорочната цел на проектот, воспоставување на организиран систем и пракса на двонасочна комуникација помеѓу граѓаните и донесувачите на одлуки при планирање и спроведување на политиките од областа на вработувањето. |

| | |
|---|---|
| 33. Име на здружението: Здружение на граѓани Заедница на Хрвати во Република Македонија Скопје | |
| ПРОЕКТ: Имплементација на добри практики во унапредување на правата на хрватската и другите малцински заедници во Република Северна Македонија темелено на хрватските искуства како земја членка на ЕУ | |
| Висина на грант: 600.000 денари | |
| Цел на проектот | Унапредување на правата на хрватската и другите малцински заедници темелено на утврдените добри практики произлезени од процесот на преговори на Република Хрватска со ЕУ |
| Активности | - Одржување на состаноци со релевантни институции од страна на ЗХРМ и ЕУРОПРОСПЕРА во Скопје<br>- Одржување на консултативни средби и состаноци со претставници на релевантни европски институции на ЗХРМ и ЕУРОПРОСПЕРА во Брисел<br>- Одржување на консултативни средби и состаноци со претставници на релевантни институции во Хрватска од страна на ЗХРМ и ЕУРОПРОСПЕРА<br>- Изготвување и публикување на документ за јавни политики на македонски, хрватски и англиски јазик<br>- Изготвување сет на препораки за унапредување на правата на |

| | |
|---|---|
| | хрватската и другите малцински заедници и доставување до надлежните институции, медиуми, релевантни меѓународни институции и др.<br>- Завршна конференција<br>- Промовирање на настаните и Документот за јавни политики на социјалните медиуми |
| Резултати | Одржани се повеќе консултативни и работни средби со надлежните институции во Република Северна Македонија (Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерство за надворешни работи, Агенција за остварување на правата на заедниците), со претставници на државни и јавни институции во Република Хрватска (Хрватски Сабор, Совет за национални малцинства, Канцеларија за човекови права и права на национални малцинства, Карловачка жупанија и град Новска) и членови на Европскиот парламент. Извршена е компаративна анализа на правната регулатива во Република Хрватска и Република Северна Македонија и на завршната конференција на проектот презентирани се препораки за унапредување на правата на хрватската и другите помалку бројни заедници во Република Северна Македонија. |
| Отстапување од планираните активности | Завршната конференција е организирана на 20.1.2022 година, иако договорен период за спроведување на проектот е до 31.12.2021 година |
| Времетраење на проектот | 5 месеци |
| Буџет | - Вработени ...................................... 250.000<br>- Патни трошоци ........................... 186.671<br>- Опрема ............................................ 34.000<br>- Канцелариски материјали ..... 0<br>- Други директни трошоци ........ 28.161<br>- Индиректни трошоци ................ 51.500<br>- Специфични трошоци................ 48.900<br>- Вкупно .......................................... 599.232 |
| Дали се доставени докази за трошење на средствата | Доставена е соодветна финансиска документација, евидентирани се отстапувања помеѓу планираните и реализирани трошоци по буџетски ставки, но во границите на вкупно одобрениот буџет. Набавена е компјутеска опрема (34.000 денари) последниот ден на времетраењето на проектот. Завршната конференција е организирана на 20.1.2022 година, по истекот на временската рамка на проектот утврдена со Договорот за обезбедување на финансиска поддршка (48.900 денари трошоци за конференцијата). |
| Заклучоци за постигнување на целите, идни | Одржани се повеќе консултативни и работни средби со надлежните институции во Република Северна Македонија (Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, |

| | |
|---|---|
| активности и одржливост на проектот | Министерство за надворешни работи, Агенција за остварување на правата на заедниците), со претставници на државни и јавни институции во Република Хрватска (Хрватски Сабор, Совет за национални малцинства, Канцеларија за човекови права и права на национални малцинства, Карловачка жупанија и град Новска) и членови Европскиот парламент. Извршена е компаративна анализа на правната регулатива во Република Хрватска и Република Северна Македонија и на завршната конференција на проектот презентирани се препораки за унапредување на правата на хрватската и другите помалку бројни заедници во Република Северна Македонија. |

Завршните извештаи на граѓанските организации, корисници на финансиска поддршка за горенаведените проекти, се дадени во прилог и се составен дел на овој Извештај.